# WIZZ AIR ABU DHABI LLC.

# ОПШТИ УСЛОВИ НА ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ И БАГАЖ

**Содржина**

1. ДЕФИНИЦИИ И ТОЛКУВАЊЕ ..... 3
2. ПРИМЕНЛИВОСТ ..... 7
3. ТАРИФИ И ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛУГИ ..... 8
4. РАСПОРЕД ..... 8
5. ДОГОВОР ЗА ВОЗДУШЕН ПРЕВОЗ ..... 8
6. РЕЗЕРВАЦИЈА И РАСПОРЕД НА СЕДЕЊЕ ..... 9
7. ВКУПНА ЦЕНА НА ПРЕВОЗ, ЦЕНА НА ПРЕВОЗ, ДАНОЦИ, ДАВАЧКИ И ТАКСИ ЗА ДРУГИ УСЛУГИ ..... 12
8. ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ ..... 15
9. ПРИЈАВУВАЊЕ И ВЛЕГУВАЊЕ ВО АВИОНОТ ..... 15
10. ЦАРИНСКА И БЕЗБЕДНОСНА КОНТРОЛА ..... 17
11. ПАТНИЧКИ ДОКУМЕНТИ ..... 18
12. ОДБИВАЊЕ ПРЕВОЗ ..... 18
13. ПОСЕБНИ ПРАВИЛА ШТО ВАЖАТ ЗА ВОЗДУШЕН ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ 19
14. БАГАЖ ..... 21
15. ИЗМЕНА НА ДОГОВОРОТ ОД СТРАНА НА WIZZ AIR ..... 25
16. ПОВРАТ НА СРЕДСТВА И ПРАВО НА НЕГА ..... 26
17. ОДГОВОРНОСТ ..... 27
18. НАВРЕМЕНО ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПОПЛАКИ, ЗАСТАРУВАЊЕ НА ДЕЈСТВА 29
19. РЕГУЛАТИВА ЗА ЧАРТЕР ..... 30
20. ВАЖЕЧКИ ЗАКОН И СУДСКА НАДЛЕЖНОСТ ..... 31

## 1. ДЕФИНИЦИИ И ТОЛКУВАЊЕ

1.1. Дефинициите и правилата што се толкуваат во овој член важат во овие Општи услови на превоз:

ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛУГИ ги означува сите производи и услуги коишто сте ги купиле во врска со воздушен превоз и ги обезбедуваат, нудат или извршуваат добавувачи од трета страна, како на пример, изнајмување автомобили, хотелско сместување итн. Во одредени случаи, дополнителните услуги може да сочинуваат пакет.

ДОГОВОРЕНО МЕСТО НА СТОПИРАЊЕ: место за слетување наведено како такво во планот за патување и нашата база за податоци, што не се смета за место на поаѓање или место на дестинација.

БАГАЖ: го означува Вашиот имот што не е исклучен од превозот со Вас на Вашето патување како проверен багаж, непроверен багаж или личен имот.

ОЗНАКА ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА БАГАЖ: документ издаден исклучиво за идентификација на Вашиот проверен багаж и поставен на Вашиот проверен багаж.

ОЗНАКА ЗА ПОДИГАЊЕ БАГАЖ: документ издаден исклучиво за идентификација на Вашиот проверен багаж и залепен на Вашата карта за влез во авионот.

КАРТА ЗА ВЛЕГУВАЊЕ ВО АВИОНОТ: документ (i) издаден на шалтерот за пријавување врз основа на Вашата шифра за резервација или Вашиот план на патување и важечки патнички документи; или (ii) отпечатена од Ваша страна или прикажана на Вашиот мобилен уред ако ја користите апликацијата за мобилни уреди на Wizz Air (Passbook или друга апликација со слична функција) по пријавувањето на интернет или преку мобилен, што ќе Ви овозможи да влезете во авионот.

ПОРТА ЗА ВЛЕГУВАЊЕ ВО АВИОНОТ: се однесува на областа на аеродромот каде што се проверуваат картите за влегување во авионот и преку која мора да поминете непосредно пред влегувањето во авионот.

ЦЕНТАР ЗА ПОДДРШКА: услуги за корисници преку телефон, а тековните телефонски броеви за таа цел може да ги најдете на веб-страницата.

ТАКСА ЗА ОТКАЖУВАЊЕ: такса што треба да ја платите Вие ако откажете резервација, како што е наведено во член 6.5.1 во висина на износот наведен на веб-страницата во времето на склучувањето на Договорот.

ДОГОВОР ЗА ЧАРТЕР: договор за превоз со чартер, склучен во согласност со Општите услови на превоз.

ПРОВЕРЕН БАГАЖ: Вашиот багаж што го преземаме за целите на превоз и за кој издаваме ознака за идентификација на багаж и ознака за подигање багаж во моментот на преземање.

КРАЕН РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ: временски рок назначен во Општите услови на превоз, до кој мора да сте ги завршиле формалностите за пријавување и да сте ја примиле картата за влез во авионот.

УСЛОВИ НА ДОГОВОР: условите што заедно се содржат во Вашиот план на патување, „Општите услови на превоз“ и „Политиката за приватност“ ги формираат „Условите на договорот“.

ПОВРЗАНИ ЛЕТОВИ: два или повеќе сегменти на лет со Wizz Air по насока, резервирани со иста резервација.

ДОГОВОР (ЗА ВОЗДУШЕН ПРЕВОЗ): договорот за воздушен превоз на патници и багаж, склучен меѓу Вас и Wizz Air согласно Условите на договорот, а врз основа на кој Ве превезуваме Вас и Вашиот багаж од пестото на поаѓање до местото на дестинација. Договорот се состои од планот на патување и ознаката за идентификација на багажот.

КОНВЕНЦИЈА: Конвенцијата во Монтреал за изедначување на одредени правила во врска со меѓународниот превоз по воздушен пат, што е потпишана во Монтреал на 28 мај 1999 и одвреме навреме се изменува и дополнува.

ЗЕМЈИ ЗАСЕГНАТИ СО ПРЕВОЗОТ: земјите во кои се лоцирани местото на поаѓање, местото на дестинација и сите договорени места на сопирање.

ЕКИПАЖ: овластен персонал што својата работа ја врши во авионот, како на пр., пилоти, стјуардеси, технички и безбедносен екипаж.

ШТЕТА: се однесува на смртен случај или телесна повреда на патник, како последица на несреќа во авионот или при влегувањето или излегувањето од авионот. Освен тоа, се однесува и на штета предизвикана од уништување или целосна или делумна загуба или оштетување на багаж или во текот на воздушниот превоз или во периодот додека за багажот е одговорен превозникот. Покрај тоа, се однесува и на штета предизвикана од одложување на воздушниот превоз на патниците или багажот.

ДЕНОВИ: календарски денови, вклучувајќи ги сите седум дена од седмицата, при што, за целта на известување, денот кога е испратено известувањето нема да се пресметува во крајниот рок.

ЕЕО: Европска Економска Област, заедно со нејзините земји членки.

ЕУ: Европска Унија, заедно со нејзините земји членки.

ДОПОЛНИТЕЛЕН БАГАЖ ВО КАБИНАТА НА АВИОНОТ (ТОРБА СО ТРКАЛЦА): Вашиот багаж, освен проверениот и рачниот багаж, согласно Општите услови на превоз, подложен на плаќање такси за услуги, што се носи во кабината на авионот за целиот тек на патувањето.

ВОНРЕДНИ ОКОЛНОСТИ/ВИША СИЛА: причини и/или околности надвор од разумна контрола на Wizz Air што не можеле да се избегнат дури и ако се презеле сите разумни мерки, како што се, меѓу другото, природни катастрофи, политичка нестабилност, метеоролошки состојби несоодветни за летот во прашање, безбедносни ризици, штрајкови, неочекувани недостатоци на безбедноста на летот и одлуки поврзани со управување на авиосообраќајот, што, во однос на одреден авион, на одреден ден, предизвикуваат долго одложување или откажување на еден или повеќе летови со тој авион.ако го пропуштите Вашиот лет и би сакале да се префрлите на друг наш лет

ЦЕНА: цена на воздушниот превоз од местото на поаѓање до местото на дестинација. Цената на превоз опфаќа такси и давачки (во кои спаѓаат и аеродромските такси и владините такси), едно парче рачен багаж и најнискиот достапен износ на такси за други услуги што се неизбежни при резервирањето.

ТАКСИ ЗА ДРУГИ УСЛУГИ/ТАКСИ ЗА УСЛУГИ: таксите што се плаќаат за различни услуги поврзани со воздушниот превоз, како што е наведено на веб-страницата, со исклучок на таксата за заштита на седиште, таксата за откажување, таксата за Wizz Discount Club и таксата што се плаќа за дополнителни услуги.

ОПШТИ УСЛОВИ НА ПРЕВОЗ: одредбите што важат за воздушниот превоз на патници и багаж што го врши Wizz Air, како што е наведено во овие Општи услови на превоз.

ВЛАДЕЈАЧКО ПРАВО: федералните закони на ОАЕ и законите на Емиратот на Абу Даби што се на сила одвреме навреме.

РАЧЕН БАГАЖ (РАЧНА ТОРБА): Вашиот багаж, освен проверениот багаж, согласно Општите услови на превоз, опфатен во цената на превоз, што останува со Вас во текот на целото патување.

IATA: Меѓународната асоцијација за авиотранспорт.

ICAO е скратеница од Меѓународна организација за цивилна авијација.

МАЛО ДЕТЕ: дете на возраст под две години, но не под две седмици на датумот на патувањето.

ПЛАН НА ПАТУВАЊЕ: (i) документот што им се издава на патниците по целосната уплата на вкупната цена на превоз на Wizz Air или (ii) во случај на промени во резервацијата од страна на патникот, документот што му се издава на патникот како прифаќање на таквите промени од страна на Wizz Air. Планот на патување ги содржи името на патникот и деталите на летот, како што се местото на поаѓање, местото на дестинација и договореното место на сопирање, ако постои, времето на поаѓање и пристигнување, а наведува и референци за Условите на договорот и други важни информации. Ако резервирате преку нашиот Центар за поддршка, ќе добиете известување со шифрата на резервацијата, а планот на патување ќе го добиете по факс, е-пошта или пошта, согласно овие Општи услови на превоз.

ОЗНАКА ЗА ОГРАНИЧЕНО ИЗДАВАЊЕ: документот што ја прогласува нашата ограничена одговорност за проверениот багаж, што на кој било начин е оштетен или е со несоодветна големина или состојба или содржи кршливи предмети што сме ги прифатиле за превоз и што е издаден во времето на преземање на багажот. Ознаката ги забележува горенаведените недостатоци и карактеристики.

ТАКСА ЗА ПРОПУШТЕН ЛЕТ: такса што треба да се плати во одредени случаи, како што се опишува во член 9.16 ако го пропуштите Вашиот лет и би сакале да се префрлите на друг наш лет. Износот на таксата е наведен на веб-страницата.

ПАТНИК, ВИЕ, ВАШ или ВАМ: лицето именувано како патник во планот на патување кое се превезува или треба да се превезе во авион со наша согласност.

ПАТНИК СО НАМАЛЕНА ПОДВИЖНОСТ ИЛИ ПАТНИК НА КОЈ МУ ТРЕБА ПОСЕБНА ПОМОШ: се однесува на секој патник чија подвижност е намалена поради физичка неспособност (сетилна или локомоторна), ментална попреченост, старост, болест или некоја друга причина за инвалидност кога користи превоз и чијашто ситуација бара посебно внимание.

ЛИЧЕН ИМОТ: значи предметите дефинирани во став 14.1.4 од овие Општи услови за превоз што може да ги носите во кабината на авионот покрај непровереniот багаж, без дополнителен надоместок.

МЕСТО НА ПОАЃАЊЕ: аеродромот назначен во планот на патување и во нашата база на податоци како почетна точка на воздушниот превоз.

МЕСТО НА ДЕСТИНАЦИЈА: аеродромот на дестинацијата на воздушниот превоз назначен во планот на патување и во нашата база на податоци.

ПОЛИТИКА ЗА ПРИВАТНОСТ: политика на нашата веб-страница со која се регулира постапувањето со личните податоци од Ваша страна или од лицето кое резервира во Wizz Air.

РЕГУЛАТИВА 261: Регулатива (ЕС) бр. 261/2004 на Европскиот парламент и совет, што одвреме навреме се изменува или дополнува.

ЛИЦЕ КОЕ РЕЗЕРВИРА се однесува на поединец на возраст од најмалку 18 години со полномоштво за правно застапување или правно лице кое дејствува како застапник за патникот и резервира во негово/нејзино име и/или во име на други патници и кое ги презема обврските наведени во Клаузулите 6.1.4 - 6.1.7. Лицето кое резеривра може да биде и секој поединец или компанија што ја плаќа вкупната цена како што е наведено во планот на патување на патникот и туристичките агенции.

РАСПОРЕД: времето на поаѓање и времето на пристигнување на поединечните летови што се утврдени од Wizz Air и објавени на веб-страницата.

SDR: Специјални права на влечење, како што ги дефинирал Меѓународниот монетарен фонд. (Тековната вредност на оваа валутна единица може да се најде на веб-страницата на IMF - www.imf.org - и на финансиските страници на поголемите дневни весници.)

ТАКСА ЗА ЗАШТИТА НА СЕДИШТЕ: таксата што се плаќа од Ваша страна во износ наведен на веб-страницата во времето на склучувањето на Договорот, ако Wizz Air го искористи своето право да ја откаже Вашата резервација во согласност со овие Општи услови на превоз; или пак, ако Вие ја откажете резервацијата како што е наведено во клаузулата 6.5.2.

ДАВАТЕЛ НА УСЛУГИ: значи давател на услуги од трета страна што нуди, обезбедува, врши или препродава дополнителни услуги, дури и во случај ако се поврзани или се во име на друг давател на услуги од трета страна.

ТАРИФИ: правила и услови достапни на веб-страницата во однос на вкупната цена на превоз и условите, таксите и надоместоците за различни услуги што ги обезбедуваме, како и други регулативи на Wizz Air. Повеќе информации за тарифите може да се најдат на нашата веб-страница

ВКУПНА ЦЕНА НА ПРЕВОЗ: цената што се плаќа за сите услуги што Ви ги обезбедува Wizz Air, што опфаќа цена на воздушен превоз и такси за други услуги или такси за какви било услуги што сте ги купиле на веб-страницата.

ПАТНИЧКИ ДОКУМЕНТИ: документите што ги бараат земјите засегнати со превозот за преминување на границите, транзит и/или престој во одредена држава.

НЕПРОВЕРЕН БАГАЖ: Вашиот багаж, освен проверениот багаж, согласно Општите услови на превоз, што се носи во кабината на авионот за целиот тек на патувањето.

ВЕБ-СТРАНИЦА: се однесува на интернет-страницата со адреса wizzair.com или кој било друг домен што го користиме одвреме-навреме.

НИЕ, НАШЕ, НАМ, Wizz Air: се однесува на Wizz Air Abu Dhabi LLC. и нашите вработени, услужниот персонал и агентите.

1.2. Заглавјата и насловите на членовите служат само како олеснување и не треба да влијаат врз толкувањето на овие Општи услови на превоз.

1.3. Сите изрази воведени со зборовите „заедно со“, „опфаќа“, „особено“ или некој сличен израз ќе се толкуваат како илустративни и нема да го ограничуваат значењето на зборовите што се појавуваат пред нив.

## 2. ПРИМЕНЛИВОСТ

### *2.1. Општи одредби*

2.1.1. Одредбите на овие Општи услови на превоз сочинуваат дел од Договорот што важи од датумот на издавање на планот на патување и се однесуваат на Договорот, ако во планот на патување како превозник е назначен Wizz Air.

2.1.2. Освен применливите Општи услови на превоз, секој Давател на услуги ќе има сопствени применливи правила и услови што ќе важат за нивните производи. Ако купите дополнителни услуги, за сите услуги и производи важат засебни „Правила и услови“ на коишто подлежи нивното користење. Пред да ја завршите Вашата трансакција со нас или давателот на услугите (соодветно), погрижете се да ги прочитате Општите услови на превоз и на Wizz Air и на давателот на услугите од трета страна, сите поврзани информации и известувања, како и правилата и условите на секоја од дополнителните услуги обезбедени од соодветниот давател на услуги.

### *2.2. Превоз со чартер*

2.2.1. Ако превозот се врши според Договор за чартер, Општите услови на превоз ќе важат само до одреден степен или со измените наведени во билетот за чартер или регулативата за чартер во член 19.

### *2.3. Правна недоследност*

Во случај кога ниедна одредба во Општите услови на превоз не е во согласност со задолжителните одредби од важечкиот закон, тогаш ќе важи важечкиот закон. Ако која било одредба или дел од овие „Општи услови на превоз“ стане целосно или делумно неважечка, другите одредби во „Општиве услови на превоз“ и натаму ќе важат.

### *2.4. Општите услови на превоз имаат предност пред политиките на Wizz Air*

Освен ако не е поинаку наведено во Општите услови на превоз, во случај на недоследност меѓу Општите услови на превоз и другите политики што ги имаме и важат за одредени ситуации, Општите услови на превоз секогаш имаат предност.

***2.5. Услови за дополнителни услуги***

Ако купите дополнителни услуги во текот на резервирањето или додадете дополнителни услуги во резервацијата откако ќе завршите со резервирањето, тогаш договорот за дополнителни услуги е склучен меѓу Вас и соодветниот давател на услуги и ние нема да сносиме никаква одговорност за обезбедувањето на тие дополнителни услуги. Цената за дополнителните услуги ја нуди соодветниот Давател на услуги. Ако прифатите, секоја понуда и плаќање се врши преку Веб-страницата, по што Вашето прифаќање на понудата нѐ овластува целосно да ги платиме трошоците кај Давателот на услуги во прашање во Ваше име (ако е применливо). Во некои случаи, таксата за Дополнителни услуги ја плаќате Вие директно на Давателот на услуги.

***2.6. Преовладува текстот на англиски јазик***

Овие „Услови на превоз“ ќе се преведат на неколку јазици. Ако се јави несогласување меѓу текстот на англиски и текстот на другиот јазик, ќе преовлада текстот на англиски јазик, освен ако важечкиот закон налага поинаку. Текстот на англиски јазик може да се прегледа на нашата веб-страница.

## 3. ТАРИФИ И ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛУГИ

3.1. Го задржуваме правото на измени во тарифите. На барање, ќе Ви обезбедиме информации за тарифите во нашиот Центар за поддршка.

3.2. Нашите вработени, услужниот персонал и агентите се должни да ги почитуваат тарифите.

3.3. Тарифите што важат во моментот на купување одредена услуга ќе важат за тоа купување.

3.4. АКО НАПРАВИТЕ РЕЗЕРВАЦИЈА И/ИЛИ КУПИТЕ НЕКОЈА ОД УСЛУГИТЕ ВО ВРСКА СО ВОЗДУШЕН ПРЕВОЗ КАКО ШТО Е НАЗНАЧЕНО НА ВЕБ-СТРАНИЦАТА, КАЈ АГЕНТОТ ЗА БИЛЕТИ НА АЕРОДРОМОТ, МОЖЕ ЌЕ ТРЕБА ДА ПЛАТИТЕ ДОПОЛНИТЕЛНА ТАКСА КАЈ НАШИОТ АГЕНТ, КАКО ДОДАТОК НА СООДВЕТНАТА ТАКСА ЗА УСЛУГАТА. ИНФОРМАЦИИТЕ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ ТАКСИ ШТО ГИ НАПЛАЌА НАШИОТ АГЕНТ СЕ ДОСТАПНИ КАЈ АГЕНТОТ НА АЕРОДРОМОТ.

## 4. РАСПОРЕД

ВРЕМЕТО НА ПОАЃАЊЕ И ВРЕМЕТО НА ПРИСТИГНУВАЊЕ ШТО СЕ ПРИКАЖАНИ ВО НАШИОТ РАСПОРЕД И НА ДРУГИ МЕСТА НЕ СЕ ЗАГАРАНТИРАНИ И НЕ СЕ ДЕЛ ОД ВАШИОТ ДОГОВОР ЗА ПРЕВОЗ СО НАС. ГО ЗАДРЖУВАМЕ ПРАВОТО ДА ГИ ПРОМЕНУВАМЕ. ТАКВИТЕ ПРОМЕНИ СЕ СЕКОГАШ ПРЕДМЕТ НА член 15.

## 5. ДОГОВОР ЗА ВОЗДУШЕН ПРЕВОЗ

***5.1. Склучување на Договорот за воздушен превоз и неговата содржина***

Договорот за превоз е склучен по плаќањето на вкупната цена на превоз и издавањето на планот на патување. Условите на договорот важат за Договорот за воздушен превоз склучен меѓу Вас и нас.

***5.2. План на патување***

5.2.1. Планот на патување (во случај на превоз на багаж - ознаката за идентификација на багаж) го потврдува склучувањето на Договорот за воздушен превоз меѓу Вас и нас и нема да се издаде посебен билет.

5.2.2. Ќе ги превезуваме само лицата (т.е. патниците што се наведени во планот на патување. Ако немате план на патување кога се пријавувате, треба да ја дадете шифрата на резервацијата. При пријавувањето, треба да покажете важечки патнички документи.

5.2.3. Ако направите некакви промени во вашата резервација, што е дозволено во Општите услови на превоз, ќе Ви издадеме нов план на патување како прифаќање на промените. Во таков случај, новоиздадениот план на патување ќе биде дел од Договорот за превоз од моментот на издавање.

5.2.4. Може да побарате замена (повторно испраќање) на Вашиот план на патување или шифрата на резервација со тоа што ќе се јавите во Центарот за поддршка. Wizz Air може да Ви наплати за оваа услуга.

## 6. РЕЗЕРВАЦИЈА И РАСПОРЕД НА СЕДЕЊЕ

### *6.1. Резервирање*

6.1.1. Може да резервирате преку веб-страницата, мобилната апликација на Wizz Air или нашиот Центар за поддршка или пак, на продажниот шалтер на аеродромот (ако е применливо).

6.1.2. Резервирањето нема да се изврши без плаќање на вкупната цена на превоз во моментот на резервирање, освен ако не е поинаку наведено тука.

6.1.3. Потребно е да ни обезбедите соодветни информации за контакт на коишто ќе бидете достапни во секое време (телефонски број/телефонски број на мобилен и адреса на е-пошта). Ваша одговорност е да потврдите дека адресата на е-пошта што ќе ја наведете е точна, имате пристап до неа и редовно ја проверувате. Ваша одговорност е да погрижите дека наведените телефонски броеви се точни, заедно со повикувачкиот број на земјата и областа и дека во секое време сте достапни на барем еден од телефонските броеви наведени во Вашата резервација. Wizz Air нема да сноси одговорност за штети што произлегуваат од неисполнување на горенаведените барања.

6.1.4. Ако лицето коешто резервира не е патник или резервира и за сопатници, тогаш лицето коешто резервира се смета дека ги прифаќа овие Општи услови на превоз во името на патниците или сопатниците именувани во резервацијата.

6.1.5. Освен тоа, ако лицето кое резервира не е патник и неговите детали за контакт се наведени во Вашата резервација, Вие се согласувате дека лицето кое резервира:

(a) ќе сноси одговорност за примање и пренесување на секаква комуникација/допишување (вклучувајќи и промени, измени и откажувања) од нас и нашите даватели на услуги во врска со резервацијата на сите патници именувани во резервацијата, и

(b) ќе ги извести патниците за сите известувања што ќе ги испрати Wizz Air до лицето кое резервира, а влијаат на резервацијата.

Покрај тоа, прифаќате дека ако не ни дадете поинакви упатства, ќе претпоставиме дека лицето кое резервира има согласност од секој патник за да прими поврат на уплатени средства и каде што е применливо, непланирани трошоци или надомест што се должи и треба да се плати за резервацијата.

6.1.6. Со прифаќањето на овие Општи услови на превоз, лицето што резервира се смета дека ги прифаќа и се согласува дека сите лични податоци ни биле обезбедени за целите наведени во Правилата на приватност и со обезбедувањето на деталите за контакт како лицето што резервира и/или со давањето на лицето што резервира право да дејствува во Ваше име, се согласувате да ги користиме деталиве за контакт во понатамошната комуникација меѓу лицето што резервира и нас или нашиот давател на услуги. Погрижете се деталите за контакт на лицето кое резервира да ни се обезбедат со согласност на лицето кое резервира и уверете се дека се точни и известете нѐ веднаш ако деталите се променат.

6.1.7. Кога резервирањето го врши трета страна (што ги опфаќа и системите за резервирање), третата страна (на пр., туристичкиот агент) ја презема улогата на лице кое резервира. Лицето кое резервира има обврска да Ви ги обезбеди сите информации што се релевантни за Вашата

резервација (заедно со, но не и ограничено на деловите на, вкупната цена на превоз и соодветните износи).

6.1.8. Од Вас се бара да ни го обезбедите Вашето цело име како што е наведено во Вашиот патнички документ што ќе се користи при патувањето. Ако не го сторите тоа при резервирањето или во рок од два часа по резервирањето преку нашиот Центар за поддршка, ќе Ви се наплати такса за промена на име за поправката на името на патникот. Информации за висината на таксата се достапни на веб-страницата и во Центарот за поддршка.

### *6.2. Што е потребно за резервирање*

6.2.1. Ако Ви треба специјална помош (заедно со, но не и ограничено на, медицински состојби и помош, превоз на сертифицирано куче за помош), при влегувањето, излегувањето или во авионот. Треба задолжително да нѐ информирате за Вашиот физички проблем или ограничената подвижност, како и за типот помагало за подвижност или друго што би сакале да го носите или Ви треба, како и за сите промени во врска со тоа, 48 часа пред закажаното време на поаѓање на летот или преку нашиот Центар за поддршка на телефонските броеви за таа намена или преку адресата на е-пошта за таа намена. За телефонските броеви и адресата на е-пошта, одете на веб-страницата.

6.2.2. СО ОГЛЕД НА ТОА ШТО НЕ СМЕ ВО МОЖНОСТ ДА ЈА ПОТВРДИМЕ СОСТОЈБАТА НА ВАШЕТО ЗДРАВЈЕ, АКО ИМАТЕ СЕРИОЗНО ИЛИ ЗАРАЗНО ЗАБОЛУВАЊЕ ИЛИ ПАК ЗАБОЛУВАЊЕ ЗА КОЕ ВИ Е ПОТРЕБНА МЕДИЦИНСКА НЕГА, ВИЕ СТЕ ОДГОВОРНИ ДА СЕ СОВЕТУВАТЕ СО МЕДИЦИНСКО ЛИЦЕ ДАЛИ Е БЕЗБЕДНО ПО ВАШЕТО ЗДРАВЈЕ ДА ПАТУВАТЕ СО АВИОН. СОГЛАСНО ОДРЕДБИТЕ ОД ОПШТИТЕ УСЛОВИ НА ПРЕВОЗ, НЕМА ДА СНОСИМЕ ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕСРЕЌНИ СЛУЧАИ, ВЛОШУВАЊЕ НА ВАШАТА ЗДРАВСТВЕНА СОСТОЈБА ИЛИ ВАША СМРТ ВО ТЕКОТ НА ПАТУВАЊЕТО СО АВИОН ШТО НАСТАНАЛЕ ПОРАДИ НЕСОВЕТУВАЊЕ СО ЛЕКАР ИЛИ НЕПОЧИТУВАЊЕ НА СОВЕТИТЕ НА ЛЕКАРОТ.

6.2.3. Го задржуваме правото да побараме медицинска потврда за Вашата подобност да патувате со авион, што содржи јасно одобрување од медицинско лице за превоз со авион, во кои било од случаите наведени во став 6.2.1 и во сите случаи кога Wizz Air може разумно да се сомнева дека патникот може да го заврши летот безбедно, без потреба од посебна медицинска помош во текот на летот. Ако е потребно, може да побараме квалификувано медицинско лице или негувател како придружба. Медицинската потврда не смее да биде постара од 6 дена пред датумот на летот.

6.2.4. Ако не ги исполните барањата наведени во členовите 6.2.1, 6.2.2 и 6.2.3, или во случај да не сме во можност да ги исполниме условите наведени во Вашата медицинска потврда во авионот со којшто управуваме според распоредот, ќе ги откажеме Вашата резервација и превозот и ќе ви го вратиме платениот износ откако ќе ги одбиеме таксите за други услуги и за заштита на седиштето.

6.2.5. Ако сакате да носите специјален багаж или предмети за условен превоз, Вие треба соодветно да го информирате нашиот Центар за помош (видете во член 14.4). За дополнителни информации, посетете ја нашата веб-страница.

### *6.3. Распоред на седење*

6.3.1. Wizz Air работи според систем на доделени седишта. Кога ќе се пријавите (или на интернет или преку апликацијата за мобилни уреди или на аеродромот), се избира седиште за Вас бесплатно.

6.3.2. Ако имате посебна желба, во зависност од достапноста, може да изберете седиште со плаќање на важечката такса

a) кога резервирате или
b) ако сте ја завршиле резервацијата на интернет или преку апликацијата за мобилни уреди на Wizz Air или пак,

c) на аеродромот

најмногу 3 часа пред закажаното време на поаѓање.

Имајте предвид дека откако ќе се пријавите, веќе избраното седиште ќе може да го надградите само на одредени седишта во предните редови или во редовите со излезите за итен случај.

6.3.3. За намената на овие општи услови на превоз, таксата која се плаќа за избор на седиште се смета како такса за други услуги.

6.3.4. Промена на избраното седиште

6.3.4.1. Штом ќе влезете во авионот, поради оперативни или безбедносни причини од Вас може да се побара да го промените Вашето доделено седиште. Во тој случај, Ве замолуваме да ги следите упатствата на кабинскиот екипаж во врска со тоа. Ако биде потребно да направиме измени на седиштето за кое сте платиле, тогаш ќе имате право на надомест на износот што сте го платиле за избраното седиште.

6.3.5. Ако Ви е потребна специјална помош при влегување во авионот и седнување, прегледајте го член 6.2.1. Ако при резервирањето сте навеле ограничена подвижност, може да изберете пријавување на интернет. Сепак нема да може да ја испечатите Вашата карта за влегување во авионот. Ако сте избрале пријавување на интернет, контактирајте со нашиот Центар за поддршка за распоредот на седиштата со повикување на локалниот телефонски број наменет за барањата за специјална помош или со испраќање на барањето на адресата на е-пошта наменета за барањата за специјална помош (за телефонските броеви и наменетата адреса на е-пошта, одете на нашата веб-страница). По распоредувањето на седиштата, може да ја отпечатите Вашата карта за влегување во авионот. Ако сте избрале пријавување на интернет и сте се пријавиле, но не сте контактирале со Центарот за поддршка за да Ви доделат седиште, мора да појдете на шалтерот за пријавување на аеродромот кога ќе Ви доделат седиште и ќе Ви ја отпечатат картата за влегување во авионот бесплатно (видете во член 9).

6.3.6. Исклучоци во распоредот на седење

6.3.6.1. Од безбедносни причини, некои од седиштата не се соодветни за сите патници. Тоа се седиштата сместени во предниот ред на авионот, во редовите со излезите за итен случај и во последниот ред. На пример, ако патувате со дете, не може да одберете седишта во предниот ред или во редот со излезите за итен случај.

6.3.7. Откажување или промени на резервациите од страна на патникот

6.3.7.1. Ако сакате да извршите промени во резервацијата како што е наведено во член 6.4 или пак, да ја откажете резервацијата како што е наведено во член 6.5, нема да добиете поврат на платените такси за доделување седиште, при што важи членот 6.4 или 6.5 (соодветно).

6.3.8. Измени од страна на Wizz Air

6.3.8.1. Во случај кога (i) Wizz Air ја променува маршрутата или закажаното време/датум на летот во Вашиот план на патување согласно член 15.1 или (ii) Wizz Air го откажува Вашиот лет, а Вие сте купиле седиште во врска со резервацијата, па поради тоа избирате

a) да ја откажете резервацијата, таксата што сте ја платиле за даденото избрано седиште ќе Ви биде вратена;

b) да го пренасочите летот, или ќе го пренесеме избраното седиште на новиот резервиран лет или ќе Ви доделиме друго седиште. Во вториот случај, целосната вредност на таксата што сте ја платиле за избраното седиште ќе Ви биде достапна за да изберете и купите седиште на новиот резервиран лет, наместо седиштето што претходно Ви било однапред доделено на пренасочениот лет или пак, на Ваше барање, ќе Ви го вратиме износот што сте го платиле за избраното седиште. Во вториот случај, контактирајте со нашиот Центар за поддршка.

## 6.4. *Промени на резервацијата што ги прави патникот*

6.4.1. Резервацијата, каква што е во планот на патување, не смее да се пренесува или менува, освен како што е предвидено подолу.

6.4.2. Ако сакате да го промените времето на летовите или маршрутата што се назначени во Вашиот план на патување, може да ги направите промените преку веб-страницата или нашиот Центар за поддршка најмногу 3 часа пред закажаното време на поаѓање. Ако Вашата резервација опфаќа повеќе од еден сектор, немате право да ја промените маршрутата по почетокот на Вашиот прв сектор. Ако сте резервирале повратен лет, промената на маршрутата мора да се изврши и за двата сектора (односно, ако местото на поаѓање или местото на дестинација се промени за еден сектор, мора соодветно да се промени и за другиот сектор).

6.4.3. Освен ако се договориме поинаку, ќе треба да платите такса за промена на лет, како и разликата меѓу оригиналната и новата цена на превоз (вклучувајќи ги сите промени во даноците, давачките и таксите за други услуги). Ако новата вкупна цена на превоз е пониска од оригиналната, не Ви следува поврат на платените средства, освен за износот на пониските такси и давачки.

6.4.4. Ако сакате да го промените името на патникот, промените мора да ги направите преку веб-страницата или нашиот Центар за поддршка најмногу 3 часа пред закажаното време на поаѓање на првиот сектор од Вашата резервација. Може ќе треба да платите такса за промена на името. Посетете ја веб-страницата или јавете се во Центарот за поддршка за детали. Промена на името се дозволува само ако сите сектори се резервирани во иста резервација што се потврдува со планот на патување.

6.4.5. Ако ја промените Вашата резервација како што е наведено погоре, ќе Ви издадеме нов план на патување со промените што сте ги направиле и од моментот на издавање, новиот изменет план на патување ќе биде дел од Договорот за превоз.

### *6.5. Откажување на резервацијата од страна на патникот*

6.5.1. Може да ја откажете резервацијата најдоцна до четиринаесеттиот (14) ден пред закажаното време на Вашиот лет. Ќе имате право на поврат на вкупната цена на превозот, по одбивање на таксата за откажување.

6.5.2. Ако ја откажете резервацијата во рок од четиринаесет (14) дена пред закажаното време на Вашиот лет, ќе Ви биде вратена вкупната цена на превозот, по одбивање на износот за таксите за други услуги и за заштита на седиште.

6.5.3. Во случај на смрт на член на семејството (мајка, татко, дедо, баба, дете, внук, сестра, брат, сопруга, сопруг, вонбрачен партнер) што настанала еден месец пред закажаното време на даден лет во Вашата резервација, ако поднесете барање во рок од еден месец од таквиот настан, ќе ја откажеме Вашата резервација и ќе Ви ја вратиме вкупната цена на превозот за делот од патувањето што останал неискористен, под услов да доставите умреница или копија од умреница во рок од 7 дена од поднесувањето на барањето.

6.5.4. Во случај кога Wizz Air ја променува маршрутата или закажаното време на летот во планот на патување согласно член 15.1, го изоставува договореното место на сопирање или додава ново место на сопирање, може да го откажете Договорот, при што имате право на враќање на вкупната цена на превозот.

## 7. ВКУПНА ЦЕНА НА ПРЕВОЗ, ЦЕНА НА ПРЕВОЗ, ДАНОЦИ, ДАВАЧКИ И ТАКСИ ЗА ДРУГИ УСЛУГИ

### *7.1. Вкупна цена на превоз, цена на превоз*

7.1.1. Вкупната цена на превозот ги опфаќа цената на превоз, даноците и таксите за други услуги, освен ако Wizz Air јасно се изјасни поинаку. Информации за деловите на вкупната цена на превоз и нивните соодветни износи ќе Ви се обезбедат при процесот на резервирање на веб-страницата или од Центарот за поддршка, во зависност од тоа како резервирате.

7.1.2. Освен ако не е јасно наведено поинаку, цената на превоз ја содржи само цената на превоз од местото на поаѓање до местото на дестинација и соодветните даноци и давачки. Цената на

превоз не ја опфаќа услугата за копнен превоз меѓу аеродромските терминали или меѓу аеродромските терминали и градот и таксите за други услуги што ќе ги нарачате.

7.1.3. Износот на цената на превоз се пресметува согласно износите што важат на денот на резервацијата во однос на одреден превоз, како што е назначено на веб-страницата. На цената на превоз нема да влијае промената на овие износи меѓу датумот на резервација и датумот на почеток на патувањето (освен како што е предвидено во членовите 6.4. и 7.2.2).

7.1.4. Го задржуваме правото на воведување промотивни цени меѓу датумот на Вашата резервација и датумот на Вашето патување. Воведувањето промотивни цени не Ви дава право да барате исплата на разликата меѓу вкупната цена на превоз што сте ја платиле за Вашата резервација и промотивната вкупна цена на превоз.

### *7.2. Даноци, давачки и такси за други услуги*

7.2.1. Цената на превоз обично опфаќа даноци, такси и давачки што ги наплаќа Владата, другите државни органи или операторите на аеродроми или Wizz Air што важат на датумот на издавањето на планот на патување и најнискиот износ на задолжителни такси за други услуги, што се неопходни за резервирање на нивоата што важат во времето на резервирање и купување. Давачките на аеродромот од кој поаѓа патникот опфатени во цената на превоз се надомест за услугите што Ви ги обезбедува операторот на аеродромот и се однесуваат на управувањето со патниците и багажот на просторот на аеродромот, заедно со, но не и ограничено на пријавување на патникот и багажот, безбедносна проверка на патникот и на багажот, пасошка контрола и влегување во авионот. Сите даноци и давачки што ни се директно наметнати од операторот на аеродромот, дури и ако се базираат на бројот на патници, се неповратни.

7.2.2. Го задржуваме правото да бараме, а со прифаќање на овие Општи услови на превоз Вие се согласувате да ги платите сите нови или зголемени износи на даноците, давачките или таксите (вклучувајќи ги таксите за други услуги), што се однесуваат на Вашето патување, а ги наметнува Владата, другите државни органи или операторите на аеродроми, меѓу датумот на издавање на планот на патување и датумот на Вашето патување, при што може да се случи да имаат ретроактивен ефект. Ако не ги платите овие износи, имаме право да го одбиеме Вашиот превоз согласно член 12. Во случај кога вкупната цена на превоз значително ќе се зголеми како резултат на нови или зголемени даноци, давачки или такси што ги наметнува Владата, другите државни органи или операторите на аеродроми, имате право да ја откажете Вашата резервација и да добиете поврат на средствата во износ на вкупната цена на превоз.

7.2.3. Некои услуги може сами да ги купите откако ќе резервирате, но секогаш пред почетокот на патувањето, преку веб-страницата или, согласно член 3.4 на аеродромот, во зависност од типот на услугата. Сите такси за други услуги, како на пр., избор на седиште, може да се променат по датумот на резервирање. Таксите за други услуги ќе бидат таксите за други услуги што важат на датумот на купување, што се достапни на нашата веб-страница или во Центарот за поддршка.

### *7.3. Валута на цената на превоз*

7.3.1. Цената на превоз, даноците, давачките и таксите за други услуги ќе се утврдуваат во валутата на местото на поаѓање, освен ако не назначиме друга валута во моментот на или пред плаќањето (на пр., поради неможноста за конверзија на валутата на местото на поаѓање) или ако изберете да платите во друга валута. Фактурата се издава во валутата на местото на поаѓање.

7.3.2. Цените наведени во дадена валута на нашата веб-страница важат само ако таа валута е валутата на местото на поаѓање како што е дефинирано од наша страна. Ако изберете да платите во друга валута, ние ќе ја извршиме конверзијата на цената.

### *7.4. Плаќање*

7.4.1. Општо

7.4.1.1. Плаќањето на вкупната цена на превоз ќе се врши со дебитна или кредитна картичка или други платежни средства согласно информациите на веб-страницата (на пр., со ваучери за подарок од Wizz) при резервирањето или со банкарска трансакција за патувања што почнуваат во одредени земји (видете член 7.4.3). Во исклучителни случаи – за кои ќе бидете известени при резервирањето - на барање, ќе треба одделно да ги платите даноците и давачките, (некои аеродроми може да бараат плаќање на аеродромските такси на аеродромот).

7.4.1.2. Вие сте одговорни за плаќање на вкупната цена на превоз, дури и ако друго лице ја платило вкупната цена на превозот. По сопствено наоѓање, може да ја сметаме кредитната или дебитната картичка што се користи за плаќање или плаќањето со банкарски налог и/или деталите на резервацијата како показател за висок ризик од измама Во таков случај, ќе контактираме со Вас преку телефонските броеви наведени во Вашата резервација за потврда на деталите на резервацијата и плаќањето. Ако не оствариме контакт преку тие броеви или не сте во можност да ги потврдите деталите за плаќањето или резервацијата, го задржуваме правото да ја откажеме Вашата резервација и да Ви ја вратиме вкупната цена на превозот.

7.4.1.3. Ако ги прифатите Општите услови на превоз, јасно се согласувате со тоа да Ви издадеме електронска фактура што се однесува на вкупната цена на превоз и доставата на електронска фактура да се изврши исклучиво по електронски пат само на адресата на е-пошта што сте ја обезбедиле при резервирањето.

7.4.1.4. Електронските фактури се издаваат согласно важечките законски регулативи.

7.4.1.5. Дополнително, може да побарате да Ви се издаде хартиен примерок на електронската фактура преку Центарот за поддршка за одредена такса чија висина може да ја видите на веб-страницата или да ја дознаете преку Центарот за поддршка. Хартиениот примерок од електронската фактура ќе се испрати по пошта на адресата што сте ја обезбедиле во Центарот за поддршка. Може да побарате изменета фактура што содржи различни детали од оние наведени при резервирањето, за којашто може да Ви наплатиме одредена такса.

7.4.1.6. Плаќањето на вкупната цена на превоз ќе се изврши во валутата според која е утврдена цената на превозот, освен ако е поинаку договорено.

7.4.1.7. АКО ПЛАЌАТЕ СО КРЕДИТНА ИЛИ ДЕБИТНА КАРТИЧКА, ПЛАЌАЊЕТО ЌЕ СЕ ОБРАБОТИ ПРЕКУ МЕЃУНАРОДНИОТ СИСТЕМ ЗА ОБРАБОТКА НА ПЛАЌАЊА СО КАРТИЧКА. МОЖЕ ДА ЗАБЕЛЕЖИТЕ ДЕКА ИЗНОСОТ НАПЛАТЕН НА ДЕБИТНАТА ИЛИ КРЕДИТНАТА КАРТИЧКА СЕ РАЗЛИКУВА ОД (И МОЖЕ ДА БИДЕ ПОВИСОК) ОД КРАЈНАТА ЦЕНА ВО ПОТВРДАТА ЗА РЕЗЕРВАЦИЈАТА КАКО РЕЗУЛТАТ НА РАЗЛИКИТЕ ПРИ КОНВЕРЗИЈА ВО ДРУГА ВАЛУТА ШТО ПОСТОЈАТ ВО МЕЃУНАРОДНИОТ СИСТЕМ ЗА ОБРАБОТКА НА ПЛАЌАЊА СО КАРТИЧКА.

7.4.2. Плаќање во случај на резервација преку интернет. Ќе ја платите вкупната цена на превозот со банкарска картичка соодветна за плаќање преку интернет при процесот на резервирање преку интернет или со банкарска трансакција (ако е можно за конкретната резервација) во временскиот период наведен на веб-страницата.

7.4.3. Плаќање во случај на резервирање преку Центарот за поддршка. Ако резервирате преку Центарот за поддршка, ќе треба да ги дадете деталите за Вашата банкарска картичка на агентот во Центарот за поддршка кој ќе го организира плаќањето. Плаќањето на вкупната цена на превоз ќе се изврши при резервирањето. Во одредени случаи може да платите со банкарска трансакција, за што деталите се достапни на нашата веб-страница и во Центарот за поддршка (видете член 7.4.4). За резервациите преку нашиот Центар за поддршка се плаќа дополнителна такса, а повеќе информации околу тоа се достапни на нашата веб-страницата или во Центарот за поддршка.

7.4.4. Плаќање со банкарска трансакција

7.4.4.1. Банкарската трансакција е достапна за плаќање на вкупната цена на превоз за патувања што почнуваат од одредени земји. За детални информации, погледнете ја нашата веб-страница.

7.4.4.2. Во случај на плаќање со банкарска трансакција, сите трошоци поврзани со плаќањето ги сносите Вие. Префрлениот износ треба да го покрива точно целиот износ на вкупната цена на превоз, а WizzAir ќе го прими во временската рамка дефинирана на нашата веб-страница. Ако не го примиме целосниот износ на вкупната цена на превоз во одредената временска рамка, Вашата резервација ќе се избрише.

7.4.4.3. Во случај на плаќање со банкарска трансакција, временскиот период за резервирање е ограничен.

7.4.5. Ако не добиете потврда за Вашата резервација во рок од 5 дена од датумот на резервирањето на адресата на е-пошта што сте ја обезбедиле при резервирањето, Ваша одговорност е да контактирате со Центарот за поддршка за да ја проверите важноста на Вашата резервација.

7.4.6. Ако не е поинаку наведено од Wizz Air, бројот на резервации на една Wizz сметка истовремено што треба да се наплатат преку банкарска трансакција е ограничен.

7.4.7. Сите непознати плаќања ќе ги вратиме на банкарската сметка од која дошле. Сите трошоци поврзани со банкарската трансакција ги плаќате Вие.

## 8. ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ

8.1. Во однос на Вашите лични податоци, дејствуваме во согласност со важечките закони. Нашата Политика за приватност е достапна на нашата веб-страница или, на Ваше барање, детални информации може да добиете од Центарот за поддршка.

8.2. Со склучување на Договорот и прифаќање на овие Општи услови на превоз, ја прифаќате Политиката за приватност.

## 9. ПРИЈАВУВАЊЕ И ВЛЕГУВАЊЕ ВО АВИОНОТ

9.1. Ако од некоја причина не сте во можност да патувате или ако не дојдете на пријавувањето или пак, на портата за влегување на авионот навреме, превозот (согласно член 9.16) ќе Ви биде одбиен, резервацијата ќе Ви биде откажана и на Ваше барање, ќе се изврши и поврат на износот на вкупната цена на превоз, откако ќе се одземе износот за таксите за други услуги и за заштита на седиштето. Препорачуваме да купите осигурување за случај на откажување.

9.2. При пријавувањето, мора да го докажете својот идентитет, да ја прикажете шифрата за резервацијата, како и важечки патни документи согласно член 11. Ако не ги почитувате тие барања, превозот ќе Ви биде одбиен, резервацијата ќе Ви биде откажана и на Ваше барање, ќе Ви се изврши и поврат на износот на вкупната цена на превоз, откако ќе се одземе износот за таксите за други услуги и за заштита на седиште.

9.3. На некои аеродроми, патниците се фотографираат при пријавувањето од безбедносни причини, па се согласувате и дека може да се изврши фотографирање.

9.4. Ако планот на патување е издаден за два или повеќе сегменти за еден правец, по пристигнувањето на секој аеродром за префрлање, треба да излезете од авионот, да влезете во земјата (да поминете преку царинската, граничната и безбедносната контрола), да го подигнете проверенот багаж и да се пријавите на следниот лет според постапката и правилата наведени во овие Општи услови на превоз.

9.5. Пријавувањето на аеродромот започнува 2 часа и обично завршува 40 минути пред времето на поаѓање, согласно распоредот на аеродромот на местото на поаѓање. На некои аеродроми, за кои може да добиете повеќе информации на нашата веб-страница или во Центарот за поддршка, согласно распоредот, пријавувањето завршува 60 минути пред времето на поаѓањето.

9.6. На одредени маршрути е достапно пријавување на интернет и преку мобилната апликација на Wizz Air. Ако е достапно пријавување на интернет, додека резервирање мора да изберете дали ќе се пријавите на интернет или на аеродром. Ако изберете пријавување на аеродром, ќе Ви се наплати манипулативна такса што не се враќа и се плаќа при процесот на резервирање. АКО ЗА ВРЕМЕ НА РЕЗЕРВИРАЊЕТО СТЕ ИЗБРАЛЕ ПРИЈАВУВАЊЕ НА

ИНТЕРНЕТ, ПОДОЦНА МОЖЕ ДА ОДЛУЧИТЕ ДА СЕ ПРИЈАВИТЕ НА АЕРОДРОМОТ, НО ВО ТАКОВ СЛУЧАЈ, ЌЕ ВИ СЕ НАПЛАТИ МАНИПУЛАТИВНА ТАКСА ШТО МОЖЕ ДА СЕ ПЛАТИ НА АЕРОДРОМОТ. ИЗНОСОТ НА ТАКВИТЕ АЕРОДРОМСКИ МАНИПУЛАТИВНИ ТАКСИ Е ДОСТАПЕН НА НАШАТА ВЕБ-СТРАНИЦА ИЛИ ВО ЦЕНТАРОТ ЗА ПОДДРШКА.

9.7. Освен ако е договорено поинаку, ако сте избрале да се пријавите на интернет за Вашиот лет, може да се пријавите на интернет најрано 48, а најдоцна 3 часа пред закажаното време на поаѓање на летот.

Пријавувањето на интернет е достапно преку веб-страницата или апликацијата за мобилни уреди на Wizz Air.

9.8. Ако сте се пријавиле на интернет на веб-страницата, мора да ја отпечатите картата за влегување во авионот најдоцна 2 часа пред времето на поаѓање согласно распоредот. Ако сте се пријавиле преку апликацијата за мобилни уреди на Wizz Air, треба да ја преземете мобилната карта за влегување во авионот на апликацијата за карти што ја користите на мобилниот уред најдоцна 2 часа пред времето на поаѓање согласно распоредот. И во двата случаи мора да ја покажете отпечатената или преземената карта за влегување во авионот заедно со важечките патнички документи што сте ги користеле при пријавувањето на интернет кај обезбедувањето на аеродромот и на портата за влегување во авионот.

9.9. Ако сте се пријавиле на интернет или преку апликацијата на Wizz Air и имате проверен багаж, со багажот мора да дојдете на шалтерот за оставање багаж најдоцна 40 минути пред закажаното време на летот, освен ако е поинаку наведено. На некои аеродроми, шалтерите за пријавување служат и како шалтери за оставање багаж.

9.10. Ако не сте ја презеле мобилната карта за влегување во авионот или не сте ја отпечатиле картата за влегување во авионот (при пријавување на интернет) или пак, од некоја причина не сте во можност да ја покажете картата за влегување во авионот на портата за влегување во авионот, може да се пријавите на аеродромот, при што ќе треба да платите такса за пријавување на аеродромот.

9.11. Мора да бидете подготвени за влегување во авионот на портата за влегување во авионот најмалку 30 минути пред закажаното време на поаѓање на летот. Ако не сте во можност да ја покажете Вашата карта за влегување во авионот и/или истите патнички документи што сте ги користеле при пријавувањето на интернет на портата за влегување во авионот, може да одбиеме да Ве превезуваме.

9.12. Ако веќе сте се пријавиле на интернет или преку мобилната апликација на Wizz Air:

(i) може да се направат промени на Вашето име, датумот на летот, времето на летот и маршрутата најдоцна 4 часа пред закажаното време на летот (што, ако е применливо, подлежи на плаќање такси за промена што детално се наведени на нашата веб-страница или се достапни преку нашиот Центар за поддршка),

(ii) може да се додадат дополнителни услуги преку интернет или преку апликацијата за мобилни уреди на Wizz Air за соодветна целосна такса за услугата најмногу 3 часа пред закажаното време на поаѓање. Ако таквите услуги се додадат на аеродромот, се плаќа таксата за услуга што се применува за купување на аеродром. Информации за услугите што се достапни за купување по пријавување и таксите за нив се достапни на веб-страницата, во Центарот за поддршка или кај Вашиот туристички агент.

(iii) ако додадете дополнителни услуги откако ќе се пријавите на интернет или преку апликацијата за мобилни уреди, треба повторно да ја отпечатите картата за влегување во авионот или да ја преземете мобилната карта за влегување во авионот (зависно што сте користеле за пријавување) на којашто се прикажани дополнителните услуги и да ја покажете заедно со важечките патнички документи кај обезбедувањето на аеродромот и на портата за влегување во авион.

9.13. Децата на возраст под 14 години мора (а) да бидат пријавени (на интернет или преку мобилната апликација) и (б) да бидат во придружба на патник на возраст над 16 години, во секој случај. Во некои земји регулативите што се однесуваат на патување на малолетници може да се разликуваат од горенаведеното, па во тој случај ќе важат тие регулативи.

9.14. Независно од одредбите во член 9.7, ако се пријавите на интернет или преку апликацијата за мобилни уреди, го задржуваме правото да побараме да појдете на шалтерот за пријавување за да се изврши проверка на патничките документи најмалку 40 минути пред закажното време за летот согласно распоредот со Вашите патнички документи за да Ви ја заверат картата за влегување во авионот. Ако не покажете заверена карта за влез во авионот на портата за влегување во авионот, може да одбиеме да Ве превезуваме.

9.15. Кога патувате на одредени места на дестинација, треба да наведете информации за Вашите патнички документи на интернет преку веб-страницата, со цел да се испочитуваат локалните безбедносни регулативи, најмалку 4 часа пред закажаното време на летот согласно распоредот. Ако не го направите тоа, може да одбиеме да Ве превезуваме.

9.16. Пропуштен лет

9.16.1. Ако сте го пропуштиле летот, може да се префрлите на нашиот следен достапен лет до Вашето место на дестинација, во следните случаи:

(i) ако се наоѓате на местото на поаѓање и го побарате тоа од нашиот агент за издавање билети на аеродромот во рок од 30 минути по закажаното време на поаѓање на Вашиот оригинален лет, во согласност со распоредот, и

(ii) ако сте се пријавите на веб-страницата или преку мобилната апликација на Wizz Air,
- ако сте го пропуштиле крајниот рок за пријавување со Вашиот багаж во случај кога имате проверен багаж или
- ако сте го пропуштиле времето за влегување во авионот на портата,

или

(iii) ако сте избрале пријавување на аеродром, сте дошле на местото на поаѓање, но сте го пропуштиле крајниот рок за пријавување, и

(iv) Сте ја платиле таксата за пропуштен лет на аеродромот кај нашиот агент за издавање билети.

9.16.2. Ако го префрлите Вашиот оригинален лет како што е опишано во член 9.16 и ако сте избрале пријавување на аеродром за Вашиот повторно резервиран лет, покрај таксата за пропуштен лет, ќе Ви се наплати и неповратна манипулативна такса во моментот на повторното резервирање.

9.16.3. Ако сте избрале да се пријавите на аеродромот и сте го сториле тоа навреме, но не сте успеале навреме да поминете низ портата за влегување во авион, тогаш мора да направите нова резервација. Повторно резервирање согласно член 9.16 не е дозволено во такви случаи.

9.16.4. Ако повторно го резервирате Вашиот лет согласно член 9.16, тогаш член 9.1 нема да важи и износот на вкупната цена на превоз на првичниот лет нема да се врати.

## 10. ЦАРИНСКА И БЕЗБЕДНОСНА КОНТРОЛА

10.1 Мора да поминете низ сите имиграциски или други безбедносни формалности и царинска контрола што се потребни за Вашиот лет. Ако не ги почитувате тие барања, може да одбиеме да Ве превезуваме, резервацијата ќе Ви биде откажана и на Ваше барање, ќе Ви се изврши и поврат на износот на вкупната цена на превоз, откако ќе се одземе износот за таксите за други услуги и за заштита на седиште.

10.2 Ќе бидете подложени на безбедносни проверки што ги изведуваат државни или аеродромски власти на земјите засегнати од превозот, операторот на аеродромот или превозникот.

10.3 Ќе бидете присутни при проверката на Вашиот Багаж, што ја изведуваат цариници или други официјални власти, ако законот на земјите засегнати со превозот го бара тоа.

10.4 До степенот дозволен со закон, не сносиме одговорност за каква било штета предизвикана од проверките наведени во член 10 и/или ако не се подложите Вие или багажот на такви проверки.

## 11. ПАТНИЧКИ ДОКУМЕНТИ

11.1 Треба да ги имате сите потребни документи за влез, излез, медицински потврди и други документи што ги бараат земјите засегнати од превозот и да ги почитувате нивните соодветни правила и прописи. Патничкиот документ што ќе го користите за гранична контрола и влегување во авионот мора да биде истиот што сте го користеле при пријавувањето. Не сносиме одговорност за постоењето, исправноста и важноста на Вашите патнички документи. Ако не ги исполнувате овие барања или ако Вашите патнички документи се несоодветни или нецелосни, одбиваме секаква одговорност за сите штети што тоа ќе ги предизвика.

11.2 Ако Ви е потребна важечка виза за да влезете во земјата на аеродромот на префрлање, мора да имате виза при пристигнувањето. Ако не го исполните барањево, нема да бидеме одговорни за каква било штета што ќе произлезе од тоа.

11.3 Ако сме обврзани да платиме казни, глоби или ако настанат трошоци што се должат на Ваше непочитување на правилата наведени во член 11.1-11.2, Вие ќе ни ги надоместите трошоците на наше барање. Освен тоа, ќе ги подмирите и трошоците на превоз од земјата што нема да Ви дозволи влез. Нема да Ви го надоместиме делот од цената на превозот што се однесува на превоз до земјата што не Ви дозволила влез.

11.4 Освен како што е предвидено во важечкиот закон, ние не сме одговорни за одбивање на превозот ако имаме разумна причина да веруваме дека важечкиот закон и регулативите не го дозволуваат превозот.

## 12. ОДБИВАЊЕ ПРЕВОЗ

12.1 Покрај случаите дефинирани во другите членови на Општите услови на превоз, го задржуваме правото да го одбиеме превозот за Вас и/или Вашиот Багаж:

a. ако имаме причина да веруваме дека е неопходно да го одбиеме превозот од безбедносни причини (на пр., ако сте под дејство на алкохол),
b. ако имаме причина да мислиме дека превозот може да го загрози Вашиот живот, здравје, физички интегритет и комфор и/или на луѓето во авионот,
c. ако имаме причина да мислиме дека Вашата возраст, ментална или физичка состојба може да Ве загрози Вас и/или луѓето во авионот или нивниот имот,
d. ако Вашата физичка состојба, облеката или однесувањето ги плаши, згрозува или ужаснува луѓето во авионот,
e. ако сте го нарушиле кодексот на однесување на претходен лет и имаме причина да веруваме дека ќе го повторите однесувањето,
f. ако претходно сме Ве известиле дека нема да Ве превезуваме на нашите летови,
g. ако можеби сме ја одбиле и Вашата резервација,
h. ако сте одбиле да поминете низ имиграциските и/или царинските формалности,
i. ако сте одбиле да се подложите себеси или багажот на безбедносната проверка,
j. ако не сте ја платиле соодветните цена на превозот, даноците, давачките или таксите за други услуги,
k. ако ни должите пари за одредени летови,
l. ако имаме причина да мислиме дека одбивањето превоз е неопходно за да се почитуваат законите и регулативите на земјите засегнати со превозот,

m. ако немате важечка карта за влегување во авионот или важечки патнички документи (вклучувајќи го и уништувањето на таквите документи во текот на патувањето) или при влегувањето во авионот не сте во можност да ги покажете патничките документи што сте ги користеле при пријавувањето на интернет или, и покрај нашето барање, не покажете карта за влегување во авионот што е заверена на шалтерот за пријавување,
n. ако не ги исполнувате или имаме причина да мислиме дека не ги исполнувате барањата за влез во земјата на договорено место на сопирање или на местото на дестинација (вклучувајќи и ако не наведете информации за Вашите патнички документи, најдоцна 4 часа пред закажаното време на летот преку нашата веб-страница, кога патувате до места на дестинација каде тоа е задолжително),
o. ако сте се обидете да влезете во земја каде може да сте само во транзит,
p. ако одбиете да ни ги предадете патничките документи нам или на соодветните власти (при што ќе добиете потврда за прием) кога ќе биде побарано,
q. ако не може да докажете дека сте лицето именувано во резервацијата, особено ако името на резервацијата не е исто со името во патничкиот документ што го покажувате на аеродромот.
r. ако не сте нѐ информирале за Вашите посебни потреби или за намерата да носите специјален Багаж или предмети што подлежат на условен превоз,
s. ако Ви е потребна посебна поддршка којашто не можеме да ја обезбедиме или којашто ќе повлече несразмено високи трошоци.

12.2 Ако Вашето однесување може да предизвика разумно сомневање за прекршок или кривично дело или ако пушите во авионот, ќе покренеме правна постапка кај надлежните органи. Го задржуваме и правото да одбиеме секаков понатамошен превоз за Вас и Вашиот Багаж и да ги откажеме Вашите резервации.

12.3 Ако на лична одлука од разумни причини одбиеме да Ве превезуваме или ја откажеме Вашата резервација врз основа на овој член или член 13.3.4 или 13.3.6, ќе Ви се изврши и поврат на износот на вкупната цена на превоз, откако ќе се одземе износот за таксите за други услуги и за заштита на седиште за што ќе треба да поднесете барање преку Ценатрот за поддршка. Нема да сносиме одговорност за каква било загуба или штета настаната поради одбивањето превоз.

12.4 Во некои земји регулативите во однос на одбивањето превоз може да бидат построги од горенаведените и во таков случај, важат тие регулативи.

## 13. ПОСЕБНИ ПРАВИЛА ШТО ВАЖАТ ЗА ВОЗДУШЕН ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ

### *13.1 Превоз на патници со посебни потреби*

13.1.1. Ако имате посебни потреби, мора да нѐ информирате (видете член 6.2).

13.1.2. Бремените жени не може да патуваат со нашите летови по 34. седмица од бременоста. Во случај на бременост со близнаци, релевантната временска граница е 32. седмица од бременоста. Жени кои ја поминале 28. седмица од бременоста може да патуваат со нашите летови само под услов да добијат медицинска белешка што ја потврдува нивната способност за патување со авион. Ние ќе сносиме одговорност само согласно овие Општи услови на превоз за кои било здравствени проблеми на бремените жени и/или на нивното неродено дете што може да настанат за време на или како резултат од патувањето со авион. Медицинската потврда не смее да биде постара од 6 дена пред датумот на летот.

13.1.3. Не примаме патници на носилки.

13.1.4. Во авионот е дозволено носење преносливи концентратори со кислород (POC) што не содржат компримиран гас или течен кислород само ако се обезбеди доказ за природата на опремата. Таквите преносливи концентратори на кислород (POC) содржат постојан позитивен воздушен притисок (CPAP) што содржи уред за вентилација што дува благо воздушно струење во носот за да се држи отворот за воздух отворен, но не содржи кислород.

Овие уреди се изземени од нашата политика за непроверен багаж и може да се внесуваат во авионот како дополнителен предмет. Ако носите таков уред во авионот, контактирајте со нашиот Центар за поддршка најмалку 48 часа пред закажаното поаѓање на Вашиот лет. За повеќе информации посетете ја нашата веб-страница.

13.1.5. Помошните средства за дишење што содржат компримиран гас или течен кислород не смее да се носат во авионот.

13.1.6. Не прифаќаме патници што патуваат со свој кислород, но ќе обезбедиме медицински кислород за оние патници кои побарале таква посебна помош во текот на летот.

Ако Ви е потребна таква помош, контактирајте со нашиот Центар за поддршка најмалку 48 часа пред закажаното поаѓање на летот за да ја договорите оваа услуга. За повеќе информации, посетете ја нашата веб-страница или контактирајте со нашиот Центар за поддршка.

### *13.2 Превоз на новороденчиња и лица на возраст под 14 години*

13.2.1. Новороденчињата на возраст под 2 години може да патуваат во скутот на родителите. Со еден возрасен патник дозволено е да патува само едно мало дете. Од безбедносни причини, во истиот авион може да се превезуваат најмногу 15 новороденчиња. Таксите што се наплаќаат за превоз на мали деца се достапни на веб-страницата или во Центарот за поддршка.

13.2.2. Ако резервирате повратен билет и малото дете наполни две години пред датумот на повратното патување, потребна е посебна резервација за повратното патување затоа што детето веќе не се смета за мало дете.

13.2.3. Децата на возраст под 14 години мора да бидат придружувани од лице на возраст од најмалку 16 години. Не прифаќаме лица под 14 години без придружба.. Едно лице на возраст на 16 години може да придружува најмногу 10 лица на возраст под 14 години. Во некои земји, регулативите што се однесуваат на патување на малолетници може да се разликуваат од горенаведеното, па во тој случај ќе важат тие регулативи.

13.2.4. На денот на патувањето, не носете деца на возраст под 14 дена.

### *13.3 Однесување во авионот*

13.3.1 За целото време на превозот мора да се придржувате до упатствата на екипажот.

13.3.2 Од безбедносни причини, може да ја забраниме или ограничиме употребата на електронска опрема во авионот, што, меѓу другото, опфаќа мобилни телефони, лаптопи, преносни снимачи, преносни радија, CD-плеери, електронски игри или емитирачки уреди, радио-контролирани играчки и воки-токи. Употребата на помагала за слух и пејсмејкери е дозволена, додека другите електронски уреди може да работат само во посебен режим на лет.

13.3.3 Од безбедносни причини, дозволено е да консумирате само алкохолни пијалаци што се купени во авионот.

13.3.4 Ако

a) според разумната процена на екипажот, со Вашето однесување ја загрозувате безбедноста или сигурноста на авионот или на лицата во авионот и нивниот имот,

b) вербално или физички ги малтретирате членовите на екипажот или ги попречувате во вршењето на нивната должност,

c) не ги почитувате упатствата на екипажот (вклучувајќи предупредувања за консумирање алкохол, дрога, пушење и употреба на електронска опрема),

d) предизвикате неудобност или непријатност, штета или повреда на лицата во авионот,

имаме право да спроведеме мерки, вклучувајќи и принуда, што се сметаат за неопходни за да го спречиме или сопреме таквото однесување, а Вие ќе ја надоместите штетата или трошоците што ќе настанат поради Вашето однесување. Го задржуваме правото да поведеме судска постапка против Вас и да одбиеме секаков понатамошен превоз за Вас и Вашиот багаж и да ја откажеме Вашата резервација или резервации.

13.3.5 По однос на други прашања, одредбите на Конвенција за казниви дела и одредени други дејства извршени во авион во Токио, потпишана на 14 септември 1963 година и потврдена со Регулативата бр.24 од 1971 г. и други важечки закони, ќе се применуваат за сите дејства извршени во авионот.

13.3.6 Во нашите авиони е забранет секаков вид пушење, што опфаќа и електронски цигари. Секој обид за пушење може да доведе до сериозни кривични постапки што ќе се покренат против Вас и ќе треба да платите оштета за предизвиканите штети. Освен тоа, во таквите случаи, го задржуваме правото да одбиеме секаков понатамошен превоз за Вас и Вашиот багаж и да ги откажеме Вашите резервации.

### *13.4 Кетеринг и други услуги*

13.4.1 На нашите летови може да понудиме да си купите пијалаци и лесни ужини.

13.4.2 Во случај превозот да го вршат неколку авиопревозници, ние сме одговорни (согласно овие Општи услови за превоз) само за делот од превозот што сме го извршиле ние.

## 14. БАГАЖ

### *14.1 Типови багаж, дозволен багаж*

14.1.1. Од здравствени и безбедносни причини, тежината на проверениот багаж не смее да надминува 32 килограми по парче. Максималните димензии за едно парче проверен багаж се: 149,9x119,4x171,5 cm. Го задржуваме правото да го ограничиме бројот на парчиња проверен багаж по патник. Ако се применуваат такви ограничувања, истите се достапни на веб-страницата и во Центарот за поддршка. Ќе одбиеме превоз на проверен багаж над тоа ограничување, како што е предвидено во член 14.1.

14.1.2. СЕ НАПЛАЌА МАНИПУЛАТИВНА ТАКСА ЗА СЕКОЕ ПАРЧЕ ПРОВЕРЕН БАГАЖ. ИЗНОСОТ НА ТАКСАТА Е ДОСТАПЕН НА ВЕБ-СТРАНИЦАТА ИЛИ ВО ЦЕНТАРОТ ЗА ПОДДРШКА. АКО ВКУПНАТА ТЕЖИНА НА ВАШИОТ ПРОВЕРЕН БАГАЖ ГО НАДМИНУВА ОГРАНИЧУВАЊЕТО ЗА ДОЗВОЛЕН ПРОВЕРЕН БАГАЖ ШТО СТЕ ГО ИЗБРАЛЕ, ЌЕ ВИ СЕ НАПЛАТИ ТАКСА ЗА ВИШОК БАГАЖ ЗА СЕКОЈ КИЛОГРАМ ПО ЦЕНАТА ШТО ЌЕ ВАЖИ НА ДЕНОТ НА ПАТУВАЊЕТО. ИЗНОСОТ НА ТАКСАТА Е ДОСТАПЕН НА ВЕБ-СТРАНИЦАТА ИЛИ ВО ЦЕНТАРОТ ЗА ПОДДРШКА. АКО НЕ ЈА ПЛАТИТЕ СООДВЕТНАТА МАНИПУЛАТИВНА ТАКСА ИЛИ ТАКСАТА ЗА ВИШОК БАГАЖ, ЌЕ ОДБИЕМЕ ДА ГО ПРЕВЕЗУВАМЕ ВАШИОТ ПРОВЕРЕН БАГАЖ.

14.1.3. МОЖЕ ДА СЕ НОСИ САМО ЕДНО ПАРЧЕ РАЧЕН БАГАЖ ПО ПАТНИК ШТО МОРА ДА ОДГОВАРА НА СЛЕДНИТЕ ОГРАНИЧУВАЊА ЗА ГОЛЕМИНА: ГОЛЕМИНАТА НА РАЧНИОТ БАГАЖ НЕ СМЕЕ ДА ГИ НАДМИНУВА ДИМЕНЗИИТЕ 40X30X20 CM (БЕЗ РАЧКИ И ТРКАЛЦА (НО СО МАКС. ДОЛЖИНА НА ТРКАЛЦА ОД 5 CM)).. Димензиите наведени во член 14.1.3 ги опфаќаат и страничните џебови.

14.1.4. Одредени незадолжителни услуги на Wizz Air овозможуваат да носите дополнителен багаж во кабината на авионот што нема да надминува димензии 55x40x23 cm и тежина од 10 kg (без рачките и тркалцата, но со макс. должина на тркалцата од 5 cm) заедно со рачниот багаж.
.

14.1.5. АКО ГОЛЕМИНАТА И/ИЛИ ТЕЖИНАТА НА ВАШИОТ НЕПРОВЕРЕН БАГАЖ ГИ НАДМИНУВА ГОРЕНАВЕДЕНИТЕ ОГРАНИЧУВАЊА, ЗА ПРЕВОЗОТ НА НЕПРОВЕРЕНИОТ БАГАЖ СО ПРЕКУМЕРНА ГОЛЕМИНА/ТЕЖИНА ТРЕБА ДА СЕ ПЛАТИ ТАКСА ЗА ВИШОК БАГАЖ (ТАКСА ЗА БАГАЖ СО ПРЕКУМЕРНА ГОЛЕМИНА/ТЕЖИНА) НА ПОРТАТА ЗА ВЛЕГУВАЊЕ ВО АВИОНОТ НАВЕДЕНА НА НАШАТА ВЕБ-СТРАНИЦА. ГО ЗАДРЖУВАМЕ ПРАВОТО ДА ПРЕВЕЗУВАМЕ НЕПРОВЕРЕН БАГАЖ СО ПРЕКУМЕРНА ГОЛЕМИНА/ТЕЖИНА КАКО ПРОВЕРЕН БАГАЖ. Поради ограничениот простор во кабината на авионот, максималната големина на непроверениот багаж што се носи во кабината не треба да надминува димензии 55x40x23 cm и тежина од 10 kg (без рачки и тркалца, но со макс. должина на тркалцата од 5 cm). Ако е

неопходно од функционални и/или безбедносни причини, го задржуваме правото да превезуваме непроверен багаж што одговара на горенаведените ограничувања за големина и тежина во складот на авионот бесплатно. Одредбава не се однесува на лични предмети согласно член 14.1.6.

14.1.6. Покрај непроверен багаж, во кабината на авионот може да ги носите и следните лични предмети со мали димензии, без плаќање одделна такса:

a. палто или ќебе,
b. мобилен телефон,
c. материјали за читање на летот,
d. за деца на возраст под две години: храна за летот,
e. бесцарински предмети купени во страничниот простор за поаѓање, откако ќе поминете низ безбедносната проверка,
f. пар штаки за лица со физички инвалидитет,
g. автомобилско седиште свртено наназад за мали деца со внатрешен ремен на седиштето, ако малото дете патува на посебно купено седиште и автомобилското седиште има држач што овозможува безбедно прицврстување со безбедносниот ремен во авионот.

14.1.7. Некои аеродроми може да имаат дополнителни ограничувања за непроверен багаж и лични предмети што може да бидат построги од горенаведените. Во такви случаи, преовладуваат прописите на аеродромот.

14.1.8. На некои аеродроми соодветната такса може да се плати само со кредитна или дебитна картичка. За списокот на такви аеродроми консултирајте се со нашата веб-страница или Центарот за поддршка. Ќе Ве информираме за ажурираниот список на такви аеродроми на веб-страницата. Ако ние не го ажурираме списокот на таквите аеродроми на веб-страницата, ние ќе бидеме одговорни за штетите што ќе настанат директно од тоа, како што е дефинирано во овие Општи услови на превоз и важечките закони.

14.1.9. АКО НЕ ЈА ПЛАТИТЕ ВАЖЕЧКАТА ТАКСА ЗА ПРОВЕРЕНИОТ БАГАЖ, МОЖЕ ДА ОДБИЕМЕ ДА ГО ПРЕВЕЗУВАМЕ ВАШИОТ БАГАЖ. СО ОВА СЕ ОГРАДУВАМЕ ОД СЕКАКВА ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТИТЕ ШТО МОЖЕ ДА НАСТАНАТ ПОРАДИ ОДБИВАЊЕТО.

14.1.10. Непроверениот багаж и другите предмети што ќе ги носите во кабината на авионот ќе ги складирате на начин на којшто редовите и излезите за итни случаи ќе бидат слободни, согласно упатствата на екипажот.

14.1.11. Детските колички и инвалидските колички се проверуваат со останатиот багаж и се пренесуваат бесплатно ако патува и корисникот на опремата.

### *14.2 Примање багаж*

14.2.1. Кога ќе го примиме Вашиот багаж за превоз како проверен багаж, ќе издадеме ознака за идентификација на багаж и ознака за подигање багаж за секое парче проверен багаж.

14.2.2. Вашиот пријавен багаж ќе се превезува во истиот авион со којшто ќе патувате и Вие. Сепак, го задржуваме правото да го превезуваме пријавениот багаж во друг авион од причини поврзани со работата на авионот.

### *14.3 Недозволени предмети за превоз*

14.3.1. СЛЕДНИТЕ ПРЕДМЕТИ НЕ Е ДОЗВОЛЕНО ДА СЕ ПРЕВЕЗУВААТ (ОВИЕ НЕ СМЕЕ ДА СЕ СТАВАТ ВО ПРОВЕРЕНИОТ ИЛИ НЕПРОВЕРЕНИОТ БАГАЖ ИЛИ ДА СЕ НОСАТ СО ВАС КАКО ЛИЧНИ ПРЕДМЕТИ):

a. оружје и експлозиви, вклучувајќи оружје за лов или спорт, како што е дефинирано со законот на која било од земјите засегнати од превозот, наведени во планот на патувањето,
b. секој предмет или материја што личи на оружје или експлозив,
c. запаливи материи (освен: алкохолни пијалаци, лак за коса, парфем, тоалетна вода),

d. радиоактивни материјали,
e. кондензиран гас (освен: CO2 што се користи за движење на вештачки екстремитети, резервоар на запалив гас што се користи за надувување на појасот за спасување),
f. отровни или инфективни материи,
g. корозивни супстанци (освен: жива во термометри, барометри, акумулатор на инвалидска количка),
h. безбедосни актовки, кожни чанти или куфери со вградени алармни уреди што содржат литиумски батерии или пиротехнички материјал,
i. предмети и материјали што ја загрозуваат безбедноста на авионот или животот, здравјето и телесниот интегритет или имотот на луѓето во авионот,
j. сите предмети или материјали што се забранети според правилата и регулативите на земјите засегнати со превозот,
k. сите предмети што не се подобни за превоз поради тежината, големината или некоја друга карактеристика,
l. остатоци од човечко тело,
m. сите предмети наведени во Техничките упатства за безбеден воздушен транспорт на опасни производи на Меѓународната организација за цивилна авијација (ICAO-International Civil Aviation Organization) и во Регулативите за опасни производи на Меѓународната асоцијација за авиотранспорт (IATA-International Air Transport Association). За детални информации за ограничувањата, одете на веб-страницата.

АКО СЕ ОБИДЕТЕ ДА ПОНЕСЕТЕ НЕКОЈ ОД ОВИЕ ПРЕДМЕТИ ИЛИ МАТЕРИЈАЛИ, МОЖЕ ДА ОДБИЕМЕ ДА ГО ПРЕВЕЗУВАМЕ ВАШИОТ БАГАЖ И/ИЛИ ВАС.

14.3.2. АКО ПРОВЕРЕНИОТ БАГАЖ СОДРЖИ НЕШТО ОД СЛЕДНОТО:

a. готовина, акции,
b. накит, благородни метали, скапоцени и полускапоцени камења,
c. компјутер, фотоапарат, видеокамера, мобилен телефон и сите други електронски или технички уреди и нивните додатоци,
d. официјални, деловни или приватни документи,
e. патнички документи или други документи за идентификација,
f. клучеви,
g. течност,
h. лекови,
i. лесно расипливи производи,
j. уметнички дела,
k. некои од предметите наведени во став 14.3.1.

НЕ ОДГОВАРАМЕ ЗА ДОЦНЕЊЕ, ЗАГУБА ИЛИ ОШТЕТУВАЊЕ НА ТАКВИ ПРЕДМЕТИ.

Некои аеродроми може да имаат дополнителни ограничувањата во однос на оваа политика. Во такви случаи, преовладуваат прописите на аеродромот.

14.3.3. Непровeрениот багаж или личните предмети не смее да содржат старо оружје, сабји, ножеви, ножици, сечила, кујнски прибор, копја, шприцови и други остри предмети, како и сите предмети што според нас може да се користат како оружје.

14.3.4. Непровeрениот багаж или личните предмети може да содржат само предмети што не се забранети за превоз и во количини и пакувања што одвреме-навреме се утврдуваат со важечките закони и безбедносните регулативи.

***14.4 Предмети со условен превоз***

14.4.1. Ако сакате да носите некои од долунаведените предмети, за тоа треба да нè информирате кога ќе резервирате:

a. кршливи предмети,

b. материјали од непријатна природа,
c. инвалидска количка со сув акумулатор (само како проверен багаж),
d. други специјални предмети што опфаќаат, но не се ограничени на скии, сноуборд, опрема за голф, нуркање и сурфање, опрема за рибарење, рогови и трофеи, велосипеди, стапови за скокање, музички инструменти и др.

Треба да нè информирате за Вашата намера да носите некои од горенаведените предмети преку Центарот за поддршка. Дозволено е да носите такви предмети само со наша согласност.

14.4.2. Ако сакате да носите некој од предметите што се споменати во член 14.4.1 a), b) и d), ќе треба да платите такса во согласност со тарифите. За повеќе детали, проверете на нашата веб-страница или повикајте го Центарот за поддршка.

14.4.3. Ако не пријавите или не добиете согласност од нас за носење на некои од предметите споменати во член 14.4.1, може да одбиеме да ги превезуваме и/или нема да сносиме никаква одговорност за доцнење или оштетување на таквите предмети.

14.4.4. Ние не сме одговорни за оштетување на кршливи предмети поради превозот. Багажот што содржи кршливи предмети може да се носи како проверен багаж само со ознака за ограничено издавање.

14.4.5. Ќе треба да платите такса за превезување спортска опрема, музички инструменти и други предмети за кои може да се согласиме да ги превезуваме, согласно нашите услови и ограничувања.

### *14.5 Животни*

14.5.1. Не превезуваме животни на нашите летови, освен ако станува збор за признаено куче за помош (на пример, куче-водич, услужно куче) на одредени маршрути. Да нема недоразбирања, не превезуваме животни препишани како терапија или емоционална поддршка.

14.5.2. Ако имате потреба да патувате со сертифицирано куче за помош, Ваша одговорност е да ги имате документите наведени во регулативите на земјите што се засегнати со превозот и да ги почитувате условите од таквите регулативи, под услов претходно да сте нè информирале за Вашата намера што ќе превезувате, во согласност со делот 6.2.1. Превезуваме сертифицирани кучиња за помош бесплатно. За дополнителни информации, одете на нашата веб-страница.

### *14.6 Право на одбивање превоз на Вашиот багаж*

14.6.1. Како дополнување на член 14.1, ќе го одбиеме превозот на предмети што се забранети за превоз според овие Општи услови на превоз, како и на предмети со условен превоз што не се пријавени или прифатени од нас однапред согласно член 6.2.5.

14.6.2. Може да одбиеме превоз на секој предмет или материјал што сметаме дека е неподобен за превоз поради големината, формата, тежината, содржината, карактерот, пакувањето или од безбедносни и сигурносни причини или пак, поради удобноста на другите патници.

### *14.7 Право на претрес на багажот*

14.7.1. Од безбедносни и сигурносни причини, може да побараме да дозволите претрес на Вашата облека или Вашиот багаж. Ако не сте присутни или на друг начин не сте достапни, Вашиот багаж може да биде претресен без Ваше присуство со цел да се утврди дали Вашиот багаж содржи некој од предметите или материјалите наведени во член 14.3 или 14.4. Ако не се согласите со таквото барање, може да одбиеме да Ве превезуваме Вас и/или Вашиот багаж. Ако претресот предизвика штета на Вашиот багаж, ние нема да бидеме одговорни за таквата штета до степен што се дозволува со релевантните законски одредби.

### *14.8 Доставување и подигање на проверениот багаж*

14.8.1. Багажот се доставува до аеродромите преку терминалите за доставување багаж, а не лично. Ваша одговорност е да го подигнете Вашиот багаж од тие терминали. Ние не одговараме за Вашиот багаж по доставувањето. Може да ги контролираме ознаките за идентификација на багажот и ознаките за подигање на багаж во секое време. Неподигнатиот багаж кај нас може да се предаде само на лицето што ќе донесе ознака за подигнување на багаж што се совпаѓа со ознаката за идентификација на багажот.

14.8.2. Согласно член 14.2. Треба да го подигнете Вашиот проверен багаж штом ќе Ви стане достапен. Ако не го подигнете Багажот или личните предмети, ќе го чуваме во период до 60 дена и ќе Ви наплатиме такса за чување. По истекувањето на тој период ќе го продадеме или уништиме неподигнатиот Багаж или личните предмети. Ако може да Ве идентификуваме врз основа на неподигнатиот багаж или личен имот, ќе Ве известиме според најдените детали за контакт за намерата да располагаме со неподигнатите предмети и откако ќе се случи тоа, нема да имаме никаква понатамошна одговорност кон Вас за каква било причинета штета.

## 15. ИЗМЕНА НА ДОГОВОРОТ ОД СТРАНА НА WIZZ AIR

### *15.1. Измена на Договорот од страна на Wizz Air*

15.1.1. Пред да ја прифатиме резервацијата, ќе Ве информираме за закажаното време на летот што важи од тој момент, а тоа ќе се прикаже и во планот на патувањето. Можеби ќе треба да го промениме закажаното време на лет или маршрутата (вклучувајќи го местото на поаѓање или местото на дестинација) по издавањето на Вашиот план на патување. Ќе контактираме со Вас за да Ве известиме за секоја промена преку е-пошта или по телефон, на адресата за е-пошта или телефонскиот број наведени при резервирањето. Во случај на промена на времето, датумот или маршрутата на летот, ако ги прифатите промените во која било форма, Договорот меѓу Вас и нас ќе се смета за соодветно изменет.

Ако Вие не сте сопственикот на адресата на е-пошта или телефонскиот број што се наведени во Вашата резервација, Ваша одговорност е да го прашате сопственикот на адресата на е-пошта или редовниот корисник на телефонот наведен во Вашата резервација за какви било известувања за промени.

15.1.2. Освен ако е поинаку наведено од Конвенцијата или Регулативата 261, ако, откако ќе резервирате, но пред закажаното време на поаѓање на Вашиот лет, го откажеме летот или го промениме закажаното време на поаѓање и промената или новиот понуден лет не се прифатливи за Вас, а не е можно да Ви резервираме место на друг лет што одговара на Вашите барања, откако ќе контактирате со нашиот Центар за поддршка, може да изберете една од следниве опции:

a) повторно да Ви резервираме друг лет со којшто управуваме ние на истата или, ако е неопходно, на слична маршрута, во рок од 14 дена пред или 30 дена по закажаното време на поаѓање на задоцнетиот/откажаниот лет, под услов да има достапни седишта, или
b) може да ја откажете Вашата резервација и да побарате поврат во кредит на Вашата „корисничка сметка“ за откажаниот лет и, ако е применливо, за повратниот лет или
c) може да ја откажете Вашата резервација и да побарате поврат на вкупната цена на превоз за откажаниот лет и, ако е применливо, за повратниот лет.

Ако сакате да го промените Вашиот избор, тоа може да го сторите согласно општите правила и со плаќање на соодветната такса.

Имајте предвид дека во врска со откажување дополнителните услуги, ќе се применува политиката за откажување и поврат на средствата на давателот на услуги од трета страна.

### *15.2. Поврзувања*

15.2.1. Ние не опслужуваме поврзани летови. Вие го сносите ризикот за другите летови што ќе ги пропуштите Вие или Вашиот багаж.

### *15.3. Алтернативен превоз*

15.3.1. Може да Ве превезуваме со алтернативни начини на превоз што не се воздушен превоз, во случај на пренасочување или повторно резервирање.

15.3.2. Ако сте се согласиле на алтернативен превоз на јасен или навестен начин, ќе се смета дека Договорот е исполнет со алтернативниот превоз, по што нема да имаме никаква дополнителна одговорност кон Вас. Нема да имате право на поврат на вкупната или дел од цената на превозот и/или какво било обесштетување.

### *15.4. Пренасочувања*

15.4.1. Ако не сме во можност да појдеме од местото на поаѓање или да слетаме на местото на дестинација или на договореното место на сопирање и авионот биде пренасочен на друг аеродром (во понатамошниот текст; „пренасочување"), освен ако авионот продолжува до местото на дестинацијата, ќе организираме превоз за Вас до местото на дестинацијата, или со нашите услуги или со други средства за превоз. Во таков случај, ќе се смета дека Договорот е исполнет, по што нема да имаме никаква дополнителна одговорност кон Вас.

### *15.5. Спроведување на Вашите права*

15.5.1. Ако не го почитуваме тековниот член, имате право да поднесете жалба до одговорниот Орган за цивилно воздухопловство или надлежната Националната агенција за заштита на потрошувачите или до нејзините регионални инспекторати.

### *15.6. Право на информации*

15.6.1. Во случај да одбиеме да влезете во авионот или да го откажеме летот, ќе Ви обезбедиме (на аеродромот) информации во пишана форма каде што ќе бидат наведени правилата за обесштетување и помош.

### *15.7. Вонредни околности, виша сила*

15.7.1. Освен ако е поинаку наведено во претходно споменатите ставови на член 15, не сносиме дополнителна одговорност за какви било измени во Договорот поради вонредни околности или виша сила. До степенот дозволен со релевантните Конвенција и закони и „Општиве услови на превоз", одбиваме секаква одговорност за каква било штета или загуба предизвикана од вонредни околности или виша сила.

### *15.8. Применливост*

15.8.1. Членови 15.1.2, 15.6 од Општите услови на превоз не важат ако патувате бесплатно или по цена со попуст што не е достапна директно или индиректно за јавноста.

## 16. ПОВРАТ НА СРЕДСТВА И ПРАВО НА НЕГА

### *16.1. Поврат на средства*

16.1.1 Освен ако не е јасно наведено во овие Општи услови на превоз, нашите цени на превоз, даноци, давачки и такси за други услуги се неповратни.

16.1.2 Без предрасуди кон член 16.1.1 погоре, може да има на продажба категории на цени на превоз за кои може да се изврши поврат за воздушен превоз до или од некои одредени дестинации. Таквите цени на превоз, ако се достапни, не може да се резервираат преку веб-страницата и може да се купат само преку Центарот за поддршка.

16.1.3 Ако имате право на некаков поврат на средства согласно Општите услови на превоз или Регулативата 261 или нешто трето, а не сме добиле поинакви упатства од Вас, средствата ќе Ви ги вратиме исклучиво Вам. Повратот на средства исплатени на лице кое се претставува како лицето кое резервирало, користејќи ја соодветната резервација (вклучувајќи шифра за резервација) или сите документи обезбедени од наша страна во врска со превозот и за кого немаме причина да веруваме дека не е лицето кое резервирало, ќе се смета за соодветен

поврат на средства и ќе не ослободи од одговорност и понатамошни барања за поврат на средства од страна на лицето кое резервирало или кој било патник.

16.1.4 Општо, повратот на средства се исплаќа во истата валута во којашто е платен превозот. Ако тоа е невозможно, плаќањето ќе се изврши во евра.

## 17. ОДГОВОРНОСТ

### *17.1. Општо*

17.1.1. Нашата одговорност е утврдена со овие Општи услови на превоз.

17.1.2. АКО Е ПРИМЕНЛИВО, ОДГОВОРНОСТА НА WIZZ AIR ЗА КАКВА БИЛО ШТЕТА ЌЕ БИДЕ ОГРАНИЧЕНА КАКО ШТО Е НАВЕДЕНО ВО КОНВЕНЦИЈАТА И ОПШТИТЕ УСЛОВИ НА ПРЕВОЗ. СНОСИМЕ ОДГОВАРНОСТ САМО ЗА ДОВОЛНО ДОКАЖАНИ ШТЕТИ И НАШАТА ОДГОВОРНОСТ НЕМА ДА ГО НАДМИНУВА ИЗНОСОТ НА ДОКАЖАНИТЕ ШТЕТИ.

17.1.3. Ако докажеме дека штетата е предизвикана или се придонело за неа со невнимание или друго штетно дејство или пропуст на лицето што бара надомест или лицето од кое тој или таа ги добива своите права, ќе бидеме целосно или делумно ослободени од одговорност кон барателот, до степенот до кој таквото невнимание или штетно дејство или пропуст ја предизвикало или придонело за штетата. Кога лице што не е патникот бара отштета поради Ваша смрт или повреда, во таков случај, ќе бидеме целосно или делумно ослободени од одговорност до степенот до кој ќе се докаже дека штетата е предизвикана или се придонело за неа поради Ваше невнимание или друго штетно дејство или пропуст од Ваша страна. Оваа одредба важи за сите одредби за одговорност што важат за нас кон Вас.

17.1.4. Согласно горенаведеното, не сме одговорни за каква било штета што сте ја предизвикале Вие или Вашиот багаж. Вие ќе сносите одговорност за таквата штета предизвикана на други лица или на нивниот (вклучувајќи и на нашиот) имот.

17.1.5. Договорот за превоз, овие Општи услови на превоз и исклучувањата и ограничувањата на одговорност, важат за нашите вработени, услужниот персонал и агентите, до истиот степен до кој важат и за нас. Вкупниот износ што треба да го надоместиме ние или таквите лица нема да го надмине највисокото ограничување на нашата сопствена одговорност, како што е наведено во овие Општи услови на превоз.

17.1.6. ОСВЕН АКО НЕ Е ПОИНАКУ ПРЕДВИДЕНО ВО КОНВЕНЦИЈАТА ИЛИ КОИ БИЛО ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ОДРЕДБИ НА КОЈ БИЛО ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН, НЕМА ДА СНОСИМЕ ОДГОВОРНОСТ ЗА ЗАГУБА НА ДОБИВКА, КАКО И ИНДИРЕКТНИ ИЛИ ПОСЛЕДИЧНИ ШТЕТИ.

### *17.2. Одговорност за багаж*

17.2.1. Сносиме одговорност за предизвикана штета во случај на оштетување или уништување, загуба или доцнење на проверен багаж само под услов настанот што го предизвикал оштетувањето, уништувањето, загубата или доцнењето да се случил во авионот или во периодот кога пријавениот багаж бил предаден на грижа на Wizz Air.

17.2.2. Одговорни сме за штета на багажот предизвикана од доцнење на воздушниот превоз, освен ако ние, нашите вработени, услужниот персонал или агентите сме ги презеле сите мерки што разумно се очекуваат за да се избегне штетата или ако докажеме дека не било возможно да се преземат такви мерки.

17.2.3. Не сме одговорни за штета до степенот до кој штетата е предизвикана од својствен дефект, квалитет или слабост на багажот. Во случај на непроверен багаж, вклучувајќи личен имот, ќе бидеме одговорни само ако штетата настанала поради наша грешка или грешка на нашите вработени или услужниот персонал.

17.2.4. Не сме одговорни за штета, загуба, уништување и доцнење на предмети што се одбиени за превоз и багаж прифатен за превоз со ознака за ограничено издавање и за предмети со условен превоз, што не ни се пријавени по резервацијата или не сме ги примиле за превоз.

17.2.5. Ја исклучуваме одговорноста за мала штета на надворешноста на Вашиот багаж (како што се гребнатини, прашина, дамки, вдлабнатини и др.), што може да е резултат на нормално абење.

17.2.6. За оштетување на багаж (што опфаќа проверен багаж, непроверен багаж и лични предмети), нашата одговорност е ограничена на 1288 SDR за секој патник, освен ако патникот не поднел, во времето на предавање на проверениот багаж, посебна изјава за интерес за достава на дестинацијата и платил дополнителен износ ако тоа се побарало од него. Во тој случај, ќе бидеме одговорни да платиме износ што не го надминува декларираниот износ, освен ако може да се докаже дека износот е поголем од вистинскиот интерес на патникот за достава на дестинацијата.

17.2.7. Имате одговорност да проверите дека не сте оставиле предмети во авионот при излегувањето. Ако сте заборавиле предмет на авионот, Ве советуваме да контактирате со одделот за загубено и најдено на аеродромот.

### *17.3. Одговорност за смрт, повреда и доцнење на патникот предизвикани од несреќа*

17.3.1. Во случај на несреќа, нашата одговорност за смрт или повреда на патниците подлежи на ограничувањата предвидени во овие Општи услови на превоз. Имаме строга одговорност до 128821 SDR освен во случаите предвидени со член 17.1.3.

17.3.2. За барања што го надминуваат ова ограничување, во случај на смрт или повреда на патници, може да бидеме ослободени ако докажеме дека (i) таквата штета не се должи на наше штетно дејство, пропуст, своеволност или невнимание или на нашите вработени или услужен персонал, или дека (ii) таквата штета се должи само на штетно дејство, пропуст, своеволност или невнимание на друго лице.

17.3.3. Откако ќе се утврди идентитетот на физичкото лице што има „prima facie" и треба да добиа надомест, авансното плаќање ќе се изврши не подоцна од 15 дена за цели на давање помош, бидејќи може да е потребно да се задоволат итни економски потреби сразмерно на претрпените материјални штети. Таквата исплата нема да биде помала од 16000 SDR по патник во случај на смрт. Исплаќањето аванс нема да се смета за признавање одговорност и може да се одземе од каков било последователен договор.

17.3.4. Авансот не се враќа освен ако последователно докажеме дека:

a) штетата ја предизвикал или за неа придонел повредениот или починатиот патник,
b) лицето што го примило авансот не е лицето на кое му следува надомест или пак, тоа лице ја предизвикало штетата.

17.3.5. Во случај кога штетата настанала поради доцнење на превозот на патници, нашата одговорност е ограничена на 5346 SDR за секој од патниците.

### *17.4. Жалби за обесштетување согласно Регулативата 261 за летови што поаѓаат од ЕУ*

17.4.1. И покрај Општите услови на превоз, овој член ќе важи за постапката на управување со жалба во врска со обесштетување согласно Регулативата 261.

17.4.2. Даден патник може да поднесе жалба за обесштетување согласно Регулативата 261 до нас во Ваше име само ако Вие и патникот сте во истата резервација во врска со која поднесувате жалба за обесштетување. Може да побараме соодветни докази како потврда дека другиот патник Ве овластил за поднесете жалба во негово име.

17.4.3. ЖАЛБА ЗА ОБЕСШТЕТУВАЊЕ СОГЛАСНО РЕГУЛАТИВАТА 261 МОРА ДА СЕ ПОДНЕСЕ ДИРЕКТНО ДО WIZZ AIR ПРЕКУ ВЕБ-СТРАНИЦАТА. Одговор од нас ќе добиете директно Вие во рок од 30 дена од поднесувањето на жалбата.

17.4.4. ЗА ДА ВЕ ЗАШТИТИ ВАС И ВАШИТЕ ПРАВА, ВО СЛУЧАИТЕ КОГА ПАТНИКОТ ИЛИ ЛИЦЕТО ШТО РЕЗЕРВИРАЛО НЕ СЕ ПРИДРЖУВАЛЕ ДО КЛАУЗУЛАТА 17.4.3, WIZZ AIR ЌЕ ГИ ОБРАБОТУВА САМО ЖАЛБИТЕ ПОДНЕСЕНИ ОД ТРЕТИ СТРАНИ

КОИШТО ГИ ОПФАЌААТ ДЕТАЛИТЕ ЗА КОНТАКТ И ПЛАЌАЊЕ НА ПАТНИКОТ ЗА ДА МОЖЕ WIZZ AIR ДА МУ ПЛАТИ ДИРЕКТНО НА ПАТНИКОТ.

17.4.5. Освен ако е поинаку наведено во член 17.4.2 погоре, НЕМА ДА ОБРАБОТУВАМЕ ЖАЛБИ ЗА ОБЕСШТЕТУВАЊЕ ПОДНЕСЕНИ ОД ТРЕТИ СТРАНИ ОСВЕН АКО ЖАЛБАТА Е ПОДДРЖАНА СО СООДВЕТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ШТО ГО ПОТВРДУВА ПОЛНОМОШТВОТО НА ТРЕТАТА СТРАНА ДА ВРШИ ДЕЈСТВА ВО ВАШЕ ИМЕ ВО ФОРМА НА ПРИВАТЕН ДОКУМЕНТ СО ЦЕЛОСНА ДОКАЗНА МОЌ.

17.4.6. За да се избегнат недоразбирања, член 17.4 има за цел да го ограничи Вашето право или да Ви забрани да се советувате со правни лица пред да поднесете жалба директно до нас.

17.4.7. АКО ГИ ПРИФАТИТЕ ОПШТИТЕ УСЛОВИ НА ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ, ЈАСНО СЕ СОГЛАСУВАТЕ ДЕКА МОЖНАТА ИСПЛАТА НА ОБЕСШТЕТУВАЊЕТО ЌЕ СЕ ИЗВРШИ НА ПЛАТЕЖНАТА КАРТИЧКА КОРИСТЕНА ПРИ РЕЗЕРВИРАЊЕТО ИЛИ НА БАНКАРСКАТА СМЕТКА НА ПАТНИКОТ ВО РЕЗЕРВАЦИЈАТА. WIZZ AIR МОЖЕ ДА ПОБАРА ДОКАЗ КАКО ПОТВРДА ДЕКА ПАТНИКОТ ВО ПРАШАЊЕ Е СОПСТВЕНИК НА БАНКАРСКАТА СМЕТКА.

17.4.8. АКО ЈА НАЗНАЧИТЕ ВАШАТА ЖАЛБА, WIZZ AIR НЕМА ДА БИДЕ ОБВРЗАН ДА ВРШИ ИСПЛАТИ НА ЛИЦЕТО НА КОЕ СТЕ ЈА НАЗНАЧИЛЕ ЖАЛБАТА ОСВЕН АКО СЕ ИСПОЛНЕТИ СЛЕДНИТЕ УСЛОВИ:

А) WIZZ AIR ДА ДОБИЕ ПИШАНА БЕЛЕШКА ЗА НАЗНАЧУВАЊЕТО ВО КОЕ СЕ НАВЕДУВА НАЗНАЧЕНАТА ЖАЛБА (ШТО ЌЕ ГИ СОДРЖИ БАРЕМ БРОЈОТ НА РЕЗЕРВАЦИЈАТА, ОСНОВАТА НА ЖАЛБАТА И КРАЈНИОТ ДАТУМ). БЕЛЕШКАТА ДА БИДЕ ПОТПИШАНА ИЛИ ОД ЛИЦЕТО ШТО ЈА НАЗНАЧУВА ЖАЛБАТА ИЛИ ПАК, ТРЕБА ДА БИДЕ ПРИЛОЖЕН ДОКАЗ ЗА НАЗНАЧУВАЊЕТО (ВО ОРИГИНАЛ ИЛИ КОПИЈА) И

В) WIZZ AIR ДА ДОБИЕ УПАТСТВА ЗА ИЗВЕДБА ВО ПИШАНА ФОРМА. ОСВЕН АКО БЕЛЕШКАТА ЗА НАЗНАЧУВАЊЕТО ЈА ИСПРАТИЛО ЛИЦЕТО ШТО ЈА НАЗНАЧИЛО ЖАЛБАТА ИЛИ ПАК, ДОКАЗОТ ЗА НАЗНАЧУВАЊЕТО ВЕЌЕ Е ДОСТАВЕН ДО WIZZ AIR. УПАТСТВОТО ЗА ИЗВЕДБА ТРЕБА ДА БИДЕ ПОТПИШАНО ОД ЛИЦЕТО ШТО ЈА НАЗНАЧИЛО ЖАЛБАТА ИЛИ ПАК, ТРЕБА ДА СЕ ПРИЛОЖИ ДОКАЗОТ ЗА НАЗНАЧУВАЊЕТО.

ЗА ЦЕЛТА НА ЧЛЕНОТ 17.4.8, ПИШАНА БЕЛЕШКА/УПАТСТВО ЗА ИЗВЕДБА ОЗНАЧУВА БЕЛЕШКА ВО ФОРМА НА ПРИВАТЕН ДОКУМЕНТ СО ЦЕЛОСНА ДОКАЗНА МОЌ.

17.4.9. Обесштетувањето исплатено на патник што дејствува во Ваше име ќе се смета како соодветна исплата на обесштетување и ќе нѐ ослободи од одговорност и секакви дополнителни барања за плаќање обесштетување од Вас.

## 18. НАВРЕМЕНО ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПОПЛАКИ, ЗАСТАРУВАЊЕ НА ДЕЈСТВА

### *18.1. Оштетувања на багаж*

18.1.1. Прифаќањето на багажот без поднесена поплака и без пополнување пријава за неправилности на имотот (PIR), ќе се смета за доказ „prima facie“ дека багажот е предаден на патникот во добра состојба и согласно Договорот за превоз.

18.1.2. Ако багажот не пристигне на истиот лет со Вас, мора веднаш да поднесете пријава и да пополните пријава за неправилности на имотот (PIR) пред да заминете од транзитната област. Ако не го исполните ова барање, ние ќе бидеме изземени од одговорност.

18.1.3. Ако Вашиот проверен багаж е оштетен или украден, мора веднаш да поднесете пријава и да PIR пред да заминете од транзитната област. Ако е невозможно да се открие штетата или кражбата по примањето на проверениот багаж, мора да поднесете пријава на аеродромот во рок од 7 дена по примањето.

18.1.4. Ако проверениот багаж не пристигне со истиот лет како и Вие и го добиете оштетен или украден, мора да поднесете пријава за штетата или кражбата на во пишана форма во рок од 21 ден по примањето на багажот. Ако ја признаеме загубата на проверениот багаж или ако проверениот багаж не пристигне по истекот на 21 ден од датумот на кој требало да пристигне, може да ги спроведете Вашите права во врска со него.

18.1.5. Ако настане штета на Вашиот непроверен багаж или личните предмети, треба да поднесете пријава во кабината на авионот. Ако не го исполните ова барање, ние ќе бидеме изземени од одговорност.

18.1.6. Ако настане штета на Вашиот багаж за време на воздушниот превоз што го вршиме ние, багажот треба да го однесете на поправка, да земете сметка за поправката и да ни ја испратите. Ако багажот не може да се поправи, земете пишана потврда од работилницата за поправка, во којашто ќе биде наведена марката и вредноста на багажот.

18.1.7. Барањата мора да ни се доставaт во пишана форма заедно со PIR и сите други документи што ќе ја потврдат Вашата жалба по пристигнувањето на местото на дестинацијата.

18.1.8. Ако не се поднесе барање во наведените временски рамки, нема да може да се покрене постапка против нас.

### *18.2. Поплаки*

18.2.1. Поплаките што се однесуваат на воздушниот превоз (освен поплаките за багаж) мора да се поднесат во пишана форма што е можно поскоро, по пристигнувањето на летот што е основа за Вашата поплака, но не подоцна од 2 месеца од откривањето на околностите поради кои е поднесена поплаката. Вие сносите одговорност за секаква загуба или штета што е последица на задоцнување на Вашата поплака. Поплаката ќе ја разгледаме согласно „Општите услови на превоз“ што важеле на денот на склучувањето на договорот согласно важечките закони за да Ви одговориме директно Вам, пред да вклучиме трети страни да се жалат во Ваше име.

### *18.3. Застарување на дејства*

18.3.1. ВАШЕТО ПРАВО ДА ПОДНЕСЕТЕ ЖАЛБА ОД КАКОВ БИЛО ВИД (ЗАЕДНО СО ЖАЛБИТЕ ЗА ОБЕСШТЕТУВАЊЕ СОГЛАСНО РЕГУЛАТИВАТА 261) ПРОТИВ НАС, ПРЕСТАНУВА ДА ВАЖИ АКО НЕ ПРЕЗЕМЕТЕ ДЕЈСТВО ВО РОК ОД 2 ГОДИНИ ОД ДАТУМОТ НА ПРИСТИГНУВАЊЕ НА ДЕСТИНАЦИЈАТА ИЛИ ОД ДАТУМОТ НА КОЈ АВИОНОТ ТРЕБАЛО ДА ПРИСТИГНЕ ИЛИ ОД ДАТУМОТ КОГА СОПРЕЛ ПРЕВОЗОТ.

## 19. РЕГУЛАТИВА ЗА ЧАРТЕР

19.1. Во однос на летовите со чартер, одредбите од овие Општи услови на превоз ќе се применуваат со следните разлики.

19.1.1. Следните услови важат за превозот со чартер што го обезбедуваме:

a) условите на Договорот и другите известувања наведени во Вашиот план на патување и за кои ќе бидете известени усно во случај на резервирање преку Центарот за поддршка,
b) Општите услови на превоз,
c) Конвенцијата,
d) Владејачкото право,
e) Договорот за чартер.

19.1.2. Вашиот туристички агент што го договара летот со чартер има одговорност да Ве извести за условите што важат за Вашиот превоз. Туристичкиот агент ќе сноси одговорност за сите штети што ќе произлезат од тоа што соодветно не Ве информирал.

19.1.3. Вашата резервација ја прави туристичкиот агент кој ќе Ви ја даде шифрата на резервација.

19.1.4. Не е дозволена промена на маршрута. Правилата за промена на време, преносливост и откажување (исто и поради смрт на член на поблиското семејство) на Вашата резервација ги дефинирани Вашата туристичка агенција согласно Договорот за чартер склучен со нас.

19.1.5. При резервирањето, туристичката агенција треба да ја информирате за Вашиот физички инвалидитет, ограничената подвижност, сериозното или заразно заболување и секоја друга состојба за која е потребна медицинска нега. Ако Вашата бременост е по 28. седмица во моментат на дојдовното или појдовното патување, тоа мора да се пријави во туристичката агенција на денот на резервирање и мора да поднесете медицинска потврда до туристичката агенција. Вашиот туристички агент има одговорност да ни обезбеди информациите за Вас и да ни ја достави медицинската потврда. Ако туристичката агенција не ги почитува горенаведените барања, единствено таа ќе биде одговорна за претрпените штети во случај да одбиеме да Ве превезуваме.

19.1.6. Ако сакате да носите специјален багаж или предмети со условен превоз, треба да го информирате туристичкиот агент. Туристичкиот агент ја презема одговорноста да го поднесе Вашето барање до нас (видете член 14.4). Ако туристичката агенција не ги почитува горенаведените барања, единствено таа ќе биде одговорна за претрпените штети поради тоа што не нè информирала.

19.1.7. Член 6.3 и член 7 од Општите услови на превоз не важат за превоз со чартер.

19.1.8. Жалбите и поплаките (заедно со жалби за багаж и жалби поради промена на распоредот, доцнење, откажување или пренасочување) мора да се поднесат до Вашиот туристички агент во пишана форма. Важат сите временски ограничувања наведени во член 18.

19.1.9. Туристичката агенција што е одговорна за летот со чартер ќе ги сноси сите трошоци што ќе настанат поради причини вон наша контрола.

19.1.10. Освен тоа, туристичката агенција што е одговорна за летот со чартер ќе ги поднесе и сите трошоци за повторното резервирање на летовите.

19.1.11. Ако имате право на поврат на средства, плаќањето ќе го извршиме во туристичката агенција. Според тоа, треба да поднесете жалба до туристичката агенција во пишана форма.

## 20. ВАЖЕЧКИ ЗАКОН И СУДСКА НАДЛЕЖНОСТ

20.1. ОСВЕН АКО Е ПОИНАКУ НАВЕДЕНО ВО КОНВЕНЦИЈАТА ИЛИ КОИ БИЛО ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ОДРЕДБИ НА КОЈ БИЛО ВАЖЕЧКИ ЗАКОН:

a) „ОПШТИТЕ УСЛОВИ НА ПРЕВОЗ“ И КОЈ БИЛО ПРЕВОЗ ШТО ЌЕ СЕ СОГЛАСИМЕ ДА ВИ ГО ОБЕЗБЕДИМЕ (ВАМ И/ИЛИ НА ВАШИОТ БАГАЖ) ЌЕ СЕ ВОДАТ СПОРЕД ЗАКОНИТЕ НА ОАЕ И ЗАКОНИТЕ НА ЕМИРАТОТ НА АБУ ДАБИ И

b) СЕКАКОВ СПОР МЕЃУ ВАС И НАС ВО ВРСКА СО ИЛИ ПОРАДИ ТАКВИОТ ПРЕВОЗ НА КОЈ БИЛО НАЧИН ЌЕ ПОДЛЕЖИ НА НЕЕКСКЛУЗИВНАТА НАДЛЕЖНОСТ НА СУДОВИТЕ НА АБУ ДАБИ, ОАЕ. „НЕЕКСКЛУЗИВНА НАДЛЕЖНОСТ“ ЗНАЧИ ДЕКА МОЖЕ ДА ПОДНЕСЕТЕ ЖАЛБА ПРОТИВ НАС ВО СУДСКА НАДЛЕЖНОСТ НАДВОР ОД СУДОВИТЕ НА АБУ ДАБУ, ОБЕДИНЕТИ АРАПСКИ ЕМИРАТИ.